**САМОЕВАЛУАЦИЈА НА ОПШТИНСКОТО ОСНОВНО УЧИЛИШТЕ**

**„МАГДАЛЕНА АНТОВА„ - КУМАНОВО**

---

**за период од 2022/2023 до 2023/2024 година**




Јуни 2024

| **Самоевалуација на училиштето** | |
|---|---|
| **Училиште** | ООУ„Магдалена Антова„ |
| Адреса | Улица 110 бр.5 |
| Телефон, е-пошта | magdalenaantova@yahoo.com<br>ou-magdalenaantova-karposh-@schools.mk |
| Период на подготовка на СЕУ | Април – јуни 2024 |
| Број на ученици во училиштето | 681 |
| Број на подрачни училишта | / |
| **Училишен директор** | |
| Име и презиме | Живко Стојковски |
| Потпис | |
| Датум | |
| **Одобрување од УО** | |
| Име и презиме | Дане Стојковски |
| Потпис | |
| Датум | |

**Подрачје 1: Планирање, настава и учење**

| **Индикатори за подрачјето:** |
|---|
| **1.1 Планирања на наставниците**<br><br>**1.2 Наставен процес**<br><br>**1.3 Искуства на учениците од учењето**<br><br>**1.4 Оценувањето како дел од наставата**<br><br>**1.5 Вонаставни активности и натпревари**<br><br>**Координатор на тим:Оливера Јовановски**<br>**Членови на тим:Оливера Трајковска, Габриела Пешевска, Симона Димковиќ, Марина Дапчевска, Татјана Апостоловска,Зорица Спиридоновска, Филип Миленковски, Ивона Дејановска Трајковска, Владанка Симоновска, Марија Стојковска, Снежанка Атанасовска** |

**Самоевалуација на училиштето ООУ „Магдалена Антова“-Куманово :**

**Подрачје 1: Планирање, настава и учење**

| **Собирање податоци** | | |
|---|---|---|
| **Индикатор 1.1 Планирања на наставниците** | | |
| **Извори на податоци** | **Теми по индикатори** | **Информации кои се собрани** |
| - Наставни планови и програми изработени од страна на БРО<br>-Годишни и тематски планирања на наставниците<br>-Годишна програма за работа на училиштето<br>-Извештаи од реализирани обуки<br>-Записници од состаноци на стручни активи<br>- Анкети со наставници<br>-Интервју со Директорот и стручните соработници | Поддршка и следење на планирањата на наставниците | -Сите наставници на почетокот на учебната година изготвуваат годишни и тематско-процесни планирања за сите задолжителни и изборни предмети.Исто така се изготвуваат годишни планирања за додатна и дополнителна настава,како и планирања за слободните ученички активности и меѓуетничка интеграција (МИО) ,во согласност со донесените наставни планови и програми од страна на БРО.<br>-Сите наставници кои се одделенски раководители, изготвуваат годишна програма за здравствена заштита на учениците,општествено-корисна работа,ученички екскурзии и годишно,тематско и дневно планирање за животните вештини кои се обработуваат на одделенските часови.<br>-Во текот на учебната година наставниците изготвуваат дневни подготовки за учениците од седмо,осмо и девето одделение а за учениците од прво до шесто одделение се изготвуваат сценарија по новата концепција.<br>- Во рамките на планирањата, се изработуваат годишни, среднорочни и индивидуални планови за ученици со посебни образовни потреби, изготвени во зависност од нивните способности. Активностите се внесуваат во дневни планирања како диференцирани активности.<br>- На почетокот на учебната година, родителите и учениците се запознаваат и информираат за наставните планови и програми што ќе се реализираат во тековната година<br>-Тие се доставуваат во електронска форма кај педагогот на училиштето и во нив се вклучени сите неопходни елементи за успешна реализација и организација на часот предвидени од страната на БРО и МОН.<br>-Во училиштето има пропишано приоди и процедури за поддршка и следење на планирањата на наставата од страна на директорот и стручната служба.<br>-Стручната служба и директорот на училиштето планираат активности |

| | | |
|---|---|---|
| | | за сите новини во наставниот процес,кои подоцна се разгледуваат во рамките на стручните активи .Исто така нудат и поддршка на наставниците за изработка и примена на разни инструменти за оценување, размена на искуства и идеи за планирање и примена на ИКТ во наставата, домашни задачи и имплементација на проекти.<br>-Најмалку два пати годишно се врши посета на час од страна на директорот и стручната служба.<br>-Наставниците имаат можност да бираат од понудените обуки од страната на БРО, кои обуки ке ги посетат и истите подоцна ги внесуваат во својот личен план за професионален развој. |
| | Размена на искуства и на информации при планирањето | Размената на искуства и информации се врши преку стручните активи, стручната служба и дискусии на Наставничките совети. Преку стручните активи се врши размена на искуства за реализација на наставната програма,размена на искуства за примена на интерактивни форми и методи ,примена на ИКТ во наставата, реализација на отворени часови, размена на искуства и консултации за програмите за работа со ученици кои имаат потешкотии при совладување на материјалот, размена на искуства со надарени ученици и нивна подготовка за учество на натпревари како и со ученици со посебни образовни потреби. |
| **Индикатор 1.2 Наставен процес** | | |
| **Извори на податоци** | **Теми по индикатори** | **Информации кои се собрани** |
| | Реализација на наставни планови и програми | -Наставниот процес во нашето училиште се реализира согласно наставниот план за деветгодишно основно образование. |

| | | |
|---|---|---|
| - Наставни планови и програми изработени од страна на БРО<br>-Годишни и тематски планирања на наставниците<br>-Годишна програма за работа на училиштето<br>-Извештаи од реализирани обуки<br>-Записници од состаноци на стручни активи<br>- Анкети со наставници<br>-Интервју со директорот и стручните соработници<br>-педагошката евиденција и документација | | -Наставниот план и програм се реализираат во пропишаниот обем според календарот за работа изработен од страната на БРО и МОН.<br>- Од прво до шесто одделение наставната програма се реализира според Новата Концепција за основно образование.<br>- Според наставниот план наставниците во училиштето изведуваат настава по задолжителни предмети,изборни предмети, дополнителна и додатна настава како и воннаставни активности односно слободни ученички активности.<br>- По наставните предмети математика, природни науки, физика, хемија и биологија наставата се релизира според превземените и одобрени програми од Меѓународниот центар за наставни програми (Cambridge International Examination Centre), кои се адаптирани од страна на БРО и утврдени од МОН за 7,8,9 одд.<br>-Наставата по физичко и здравствено образование од прво до петто одделение се реализира од страна на двајца наставници и планирањето и реализирањето на наставата го прават двата наставника заедно.<br>-Содржините во поголемиот број наставни програми овозможуваат меѓуетничка интеграција во образованието и ги вклучуваат точките на акција од воспоставените еколошки стандарди за одржлив развој и еколошки теми.<br>- Наставните планови и програми доставени од Министерството за образование – Бирото за развој на образованието им се достапни на сите наставници (на веб страната од БРО), а наставниците редовно се запознаваат со измените и дополнувањата на наставниот план доколку ги има пред почетокот на неговата примена.<br>- Врз основа на наставните планови и програми, наставниците пред почетокот на секоја учебна година изработуваат годишни и тематско-процесни планирања по сите наставни предмети (задолжителни и изборни). Истите најдоцна до 15 септември ги предаваат кај педагогот на училиштето во електронска форма. Прегледот покажа дека сите се наменски – изработени конкретно за тековната учебна година.<br>- При изработката на наставните и други програми наставниците од одделенска настава работат тимски и прават заеднички планирања по одделенија и наставни предмети. Наставниците од предметна настава работат тимски кога различни наставници предаваат ист предмет.<br>- Пред почетокот на секоја учебна година, училиштето изработува Годишна програма во која ги планира севкупните активности за |

| | | |
|---|---|---|
| | | реализација на наставните планови и програми,како и за реализација на вон-наставните активности. Во Годишната програма се дадени и приоритетни задачи за работа на училиштето кои произлегуваат од долгорочните цели дадени во Развојниот план на училиштето.<br>-На крајот од минатата учебна година,родителите во зависност од интересите на своето дете, избраа по еден (од седмо до девето одд.)односно по два предмета од (од четврто до шесто одд.) од понудените три изборни предмети кои се изучуваа во тековната година. Понудените изборни предмети се различни за секоја генерација и се во согласност со Концепцијата за основно образование и Водичот за слободни изборни предмети за основно образование.<br>- Одделенските раководители во предметна настава за часот на одделенската заедница и наставниците од второ до петто одделение работат според програмата „Животни вештини“.Оваа програма во прво одделение се планира и реализира во рамките на редовните предмети.<br>-Сите наставници планираат и реализираат дополнителна и додатна настава во училиштето, за која е изработен и истакнат распоред, а истиот се доставува до Државен просветен инспекторат до 20 септември за тековна учебна година.<br>- Сите наставници вршат интегрирано планирање за содржини од проектите:„Интеграција на еколошкото образование во македонскиот образовен систем“ и „Меѓуетничка интеграција во образование “во зависност од наставниот предмет. Планираат и користење на ИКТ во наставата и изработка на домашни задачи. |
| | Избор на наставни предмети | Училиштето изборот на изборните предмети го врши согласно Наставниот план и програма и водичот за слободни изборни предмети за основно образование.<br>Изборот се врши преку анкетирање, при што во анкетниот лист се нудат наставните предмети од листата на изборни предмети предложени од БРО. За секоја учебна година ученикот избира по еден изборен предмет од листата на понудените предмети. Учениците од четврто до шесто одделение,по новата концепција, имаа можност да изучуваат два изборни предмета ,по еден во секое полугодие.Во училиштето постои процедура за избор на изборните предмети.Секој изборен предмет влегува во наставата, доколку може да се формира наставна група. |
| | Избор на задачи, активности и на ресурси | Кај поголем број на наставници во дневните планирања и во реализација на часовите постои избор на задачи,активности и ресурси |

| | |
|---|---|
| | според потребите на наставната содржина, потребите на учениците во склад со можностите на училиштето. |
| Интеракција меѓу наставниците и учениците и<br>учениците меѓусебно | Интересите и желбите на учениците за проширување на знаењата, стекнување на нови вештини како и развивање на талентот, училиштето ги задоволува во рамките на своите можности. За таа цел во училиштето се реализираат повеќе проектни активности од кои посебно внимание се дава на развивање на еколошката свест и безбедност на учениците. Оваа учебна година ,нашето училиште е дел од проектот „Промоција на безбедна училишна средина“која ја спроведува коалицијата на младински организации СЕГА во партнерство со прва детска амбасада Меѓаши,СМАРТ АП -лабораторија за социјални иновации и Македонски центар за граѓанско образование а со подршка на Детската фондација „Песталоци“.Интеракцијата помеѓу наставниците и учениците е присутна не само на редовната настава,туку и индивидуално наставниците работат со оние ученици кои покажуваат посебен интерес кон одредени предмети на часови на додатна настава ,работат со ученици со послаб успех на дополнителна настава а имаат и посебен приод кон учениците со посебни образовни потреби.На почетокот на учебната година е формиран Училишниот парламент,каде што постои интеракција и помеѓу самите ученици. Во Училишниот парламент се сите претседатели и нивните заменици,кои подоцна своите искуства ги пренесуваат на другите ученици од своите паралелки. |
| Реализација на образовна инклузија | - При запишување во прво одделение, од страна на стручна служба или со веќе приложена МКФ проценка, се евидентираат ученици со посебни образовни потреби. Да се напомене дека и во текот на образовниот процес, од страна на наставниците, може да се забележат ученици кои имаат потешкотии во совладување на наставните содржини или се со посебни образовни потреби. На овие ученици им се дава еднаква можност во учење и создавање на емоционална клима на прифатеност од другите соученци. За потребите на учениците со физичка попреченост приспособен е пристапот во училиштето, просторот во ходниците и пристапот до тоалетите. Во училиштето постои училишен инклузивен тим од 7 члена и Програма за работа на инклузивниот тим, како и инклузивен тим со членови за ученик ИТУ, (односно за секој ученик посебно) и програма за истиот. Секој тим е раководен од дефектологот во Училиштето. Секој тим за секој ученик изработува ИОП, односно секој наставник за ученикот на кој му предава. Согласно |

| | |
|---|---|
| | законската регулатива инклузивниот тим обезбедува поддршка за изработка на ИОП по сите наставни предмети. Од учебна 2021/22 г. МОН го превзема проектот општествено корисна работа и посебно го назначува ПОУРЦ „Иднина“ – Скопје кое е надлежно и за нашата Општина. Преку ресурсниот центар во учебната 2021/22 година обезбедени се 3 (три) образовни асистенти за ученици со проценка според МКФ (Меѓународна класификација на функционалности). Таа бројка на образовни асистенти се менува кога еден ученик се отпишува или завршува деветто одделение, а се запишуваат нови првачиња или кога нов ученик добива МКФ проценка. Мал дел од наставници имаат потешкотии и проблеми од различен вид со кои се соочуваат при работа со учениците со ПОП, додека пак други постојано работат и соработуваат со целиот инклузивен тим на ученикот. Наставниците имаат посетено повеќе интерни обуки организирани од страна на стручните соработници, вебинари и обуки, како и онлајн Информативна сесија за наствници (организирана од ПОУРЦ „Иднина“). Образовните асистенти во нашето училиште имаат одлична соработка наставниците и со родителите и со целиот инклузивен тим. Образовните асистенти, во соработка со дефектологот, постојано организираат работилници, спортски активности, учества во одбележување на Денот на Училиштето .Инклузивниот тим работи на професионална ориентација на учениците со посебни образовни потреби. Училиштето посветува особено внимание на инклузијата на децата со посебни образовни потреби. |
| Активности за меѓуетничка интеграција во образованието | Мултиетничката интеграција претставува приоритет во нашето училиште и има преземено активности кои успешно се реализираат. Училиштето во Годишната програма има изработено Програма за Меѓуетничка интеграција во образовниот систем. Училиштето има потпишано меморандум со  партнер училиште:  ООУ ,,Фаик Коница од с. Слупчане, Куманово.  Оваа учебна година 2023-2024 година тимот на мултиетничка интеграција како резултат на успешна соработка на ,ООУ „Магдалена Антова“ Куманово и ООУ „Фаик Коница “ С.Слупчане го добија проектот„ Градиме мостови“. Целта на овој гранд е промовирање на добри практики за активности во кои се негуваат хармонични односи, кои се темелат на разликите на етничките заедници и градење на мултиетничко и културно општерство. Со овој гранд се реализираат |

| | | |
|---|---|---|
| | | активности од нашето училиште и училиштето ООУ „Фаик Коница"- с. Слупчане Липково кое што е партнер на нашето училиште во мултиетничката интеграција. Во текот на учебната 2023-2024 година се реализираа низа активности според наставниот план и програма за 4 одделение, по предметите англиски јазик, физичко и здравствено образование и ликовно образование. Целта на овие активности е развивање на креативноста кај учениците, поттикнување за создавање почит кон другарчиња од друга националност, создавање нови пријателства, почитување на различноста, зајакнување на семејните врски. |

| Индикатор 1.3 Искуства на учениците од учењето | | |
|---|---|---|
| **Извори на податоци** | **Теми по индикатори** | **Информации кои се собрани** |
| -Евиденции од посета на часови;<br><br>-Извештаи од Наставнички совет;<br><br>-Записници од родителски состанок;<br><br>-Тестови на знаење;<br><br>-Планирање додатната настава и вонаставни активности | Средина и атмосфера за учење | Учениците се поттикнати од своите наставници самостојно да ги извршуваат своите задачи во врска со учењето и наставата. Училиштето ги мотивира и стимулира сите ученици да го постигнат својот максимум, со тоа што промовира принцип на индивидуален пристап кон учениците во сегментите на наставниот процес и кога е потребно го помага нивниот индивидуален развиток.<br>Наставникот врз основа на достапните технички можности од страна на учениците, како и сопствените можности и компетенции, ги утврдува најсоодветните начини за комуникација со учениците, и следствено – давање повратни информации.<br>Наставниците и учениците, во рамките на секој час, создаваат атмосфера за успешна реализација на наставата и процесот на учење, како и за поттикнување на соработка и почитување на другите. Учениците го доживуваат училиштето како мотивирачка средина во која се социјализираат, поттикнуваат на креативност, комуникација и толеранција, а со тоа се зголемуваат не само постигањата, туку и нивните потенцијали и други вештини за самостојно и критичко размислување.<br>Секој наставник за време на своите часови наоѓа начини, методи и техники да ги охрабри своите ученици самостојно и критички да мислат и за време на часот да знаат да поставуваат прашања и самостојно да изведуваат заклучоци од она што го учат.<br>Слабите страни на учениците, наставниците им ги кажуваат на индивидуални средби со нивите родители. |
| | Идентификување и задоволување на различните образовни потреби на учениците | Наставниот кадар и стручната служба систематски ги идентификуваат образовните потреби на учениците како и пречките во процесот на учење на секој ученик и преземаат активности за нивно надминување.<br>Наставниците ги идентификуваат потребите на учениците и потешкотиите во учењето кај секој ученик посебно за време на часовите и во соработка со педагогот, психологот и дефектологот добиваат поддршка, стручни совети и насоки како да работат со учениците. |

| | | |
|---|---|---|
| | | Училиштето има план за поддршка на учениците со потешкотии во учењето и истиот се спроведува, но и посебно изготвена програма од страна на наставниците за работа со деца со посебни образовни потреби.Во училиштето постои инклузивен тим на ниво на училиште и посебно заедно со родителите и асистентите се изработуваат ИОП програми за седум ученика и за 4ученика се изработува модифицирана програма.<br>Дел од наставниците изготвуваат задачи и активности и тестови по тежински нивоа согласно различните потреби на учениците.<br>Со надарените ученици се работи на додатната настава и на слободни ученички активности. Додатна настава се организира по сите наставни предмети и најдобрите ученици го претставуваат училиштето на натпревари.<br>Во слободните ученички активности учество земаат сите ученици без разлика на пол и индивидуални способности. На тој начин учениците се мотивирани активно да учествуваат. Резултатите што ги постигнуваат се истакнуваат на интрнет страната на училиштето,а учениците соодветно се пофалуваат и наградуваат. |
| **Индикатор 1.4 Оценувањето како дел од наставата** | | |
| **Извори на податоци** | **Теми по индикатори** | **Информации кои се собрани** |
| -Правилник за оценување;<br><br>- Општи критериуми за оценување на учениците;<br><br>- Критериуми за оценување<br>на учениците со потешкотии; | Училишна политика за оценување | Училиштето ги применува законските прописи што го регулираат оценувањето на учениците.Учениците на почетокот на учебната година и родителите на првата родителска средба се запознаваат со критериумите и стандардите за оценување по секој предмет посебно.Исто така им се посочува и интернет страната на Бирото за развој на образованието каде може подетално да ги разгледаат критериумите и стандардите за оценувања и да знаат однапред за која оценка што треба да научат . Учениците од I – III се оценуваат описно, од IV – VI се оценуваа описно и со бројчани оценки на крајот на учебната година, а учениците од VII – IX одделение се оценуваат само со бројчани оценки. Поведението на учениците се оценува како примерно, добро и незадоволително. |

| | | |
|---|---|---|
| -Етички кодекс на оценување;<br><br>- Портфолија на учениците;<br><br>-Наставнички портфолија | Методи, форми и инструменти за оценување | Наставниците користат различни инструменти и методи за оценување при што континуирано го следат и оценуваат напредокот на учениците (формативно и сумативно).<br>Формативното оценување наставниците го користат во текот на учењето и подучувањето на учениците и за таа цел користат разни листи на проверка на степенот на изучениот материјал и достигнатите цели.Такви најчесто користени методи на проверка се: чек листи,скала на проценка, листа за самооценување, наставни ливчиња,писмени работи, есеи и есејски прашања, контролни тестови, усмена и писмена повратна информација и други.<br>Сумативното оценување наставниците го користат за утврдување на изучените знаења и претставува крајна оценка за секој класификационен период , како и изведена годишна оценка.<br>Најкористени методи во утврдување на оценките се:усен метод,писмени,тест метода со бодовна листа направена согласно стандардите и процентуално изразена во однoст на изучениот материјал, како и изработка на тестови на знаења по тежински нивоа.<br>Кај учениците со посебни потреби кои се инклузирани во редовна настава оценувањето се одвива според прилагодени критериуми и стандарди кои наставникот однапред ги планира и изготвува со посебна програма (ИОП планирања)на почетокот на учебната година. |
| | Коефициент на континуитет на успехот на учениците | Преку користење на сите овие методи, форми и начини на оценување учениците и родителите навремено добиваат информации за степенот на усвоените знаења,преку евидентните листови во текот на учебната година и свидетелства на крај.Врз основа на истите навремено се преземаат мерките за подучување и усвојување на новите знаења.При секои незадоволителни резултати наставникот навремено реагира преку класните<br>раководители и навремено ги информира родителите на поединечни,индивидуални средби, групни средби,советување со психолог, како и на редовните родителски состаноци.Секој родител е навремено известен за постигањата и успехот на учениците. |

| | | |
|---|---|---|
| | Користење на информациите од оценувањето во наставата | Преку користење на сите овие методи, форми и начини на оценување ученикот и родителот навремено добиваат информации за степенот на усвоените знаења. Врз основа на истите навремено се преземаат мерките за подучување и усвојување на новите знаења.<br>При секои незадоволителни резултати наставникот навремено реагира преку класните раководители и навремено ги информира родителите на поединечни,индивидуални средби, групни средби како и на редовни родителски состаноци.Секој родител е навремено известен за постигањата и успехот на учениците. |
| **Индикатор 1.5 Вонnаставни активности и натпревари** | | |
| **Извори на податоци** | **Теми по индикатори** | **Информации кои се собрани** |
| -програма за изведување на екскурзии,општествено-корисна работа, грижа за здравјето на учениците;<br><br>- програма на заедницата на ученици;<br><br>- план за учество на натпревари, конкурси, манифестации;<br><br>-годишни извештаи на училиштето | Обем и разновидност на планираните и реализираните вонnаставни активности | Училиштето планира и реализира разновидни вонnаставни активности што ги одразуваат потребите и интересите на учениците и служат за поддршка на нивниот личен, кариерен (професионален), социјален и друг развој. Учениците се вклучени во воонаставните активности според сопствен избор.Групите се хетерогени и обезбедуваат градење соживот помеѓу учениците.Во училиштето постојат примери за вклучување на учениците со посебни образовни програми во воонаставните активности.Подрачјето на вонnаставните активности во нашето училиште ги опфаќа:училишен спорт, излети и екскурзии, општествено корисната работа, ученички натпревари. - Во рамките на училишен спорт учениците беа вклучени во футсал, кошарка, одбојка, пинг понг, шах,велосипедизам, пливање,фудбал и атлетика и постигнаа солидни резултати.<br>-Училиштето планира и реализира ученички екскурзии и излети како една од формите на вонаставна активност. При планирањето и подготовката на истите училиштето доследно ги почитува одредбите од Правилникот за начинот на изведување на ученички екскурзии и другите слободни активности на учениците во основните училишта.<br>-Пред реализација на екскурзија, одговорните за истата поднесуваат програма за одвивање на ексурзија, а по завршувањето – извештај. Пред изведувањето на секоја екскурзија се известува Општината и БРО.Сите екскурзии се финансираат од страна на родителите на учениците кои одат на екскурзија. Пред секое изведување на екскурзијата родителите се известуваат на родителска средба и на |

| | | |
|---|---|---|
| | | Советот на родители.<br>- Општествено -корисна работа за учениците е насочена кон реализирање на планирани активности со програмата, како и учество во активности во соработка со локалната средина. Најчесто се состојат во уредување на просторот во училиштето и училишниот двор. Се одбележуваат и значајни датуми и празници. |
| -Програми за работа за вонаставни активности;<br><br>-Годишни извештаи | Опфатеност на учениците од различен пол и јазик на наставата со воннаставните активности | Голем број ученици се вклучени во воннаставни активности во согласност со нивните интереси, способности, можностите и условите во училиштето. Училиштето и наставниците даваат голема подршка на учениците за учество во разновидни манифестации и воннаставни активности каде што се опфатени ученици од различен пол.Во нашето училиште наставата се изведува само на македонски јазик. |

| | | |
|---|---|---|
| -Програми за работа за вонаставни активности;<br><br>-Евиденција за учество на натпревари,конкурси,манифестации;<br><br>-Дипломи,признанија, сертификати, благодарници. | Вклученост на учениците во изборот и во планирањето на работата во воннаставните активности | Учениците имаат значајна улога во подготвувањето на програмите за реализација на воннаставните активности. Преку воннаставните активности учениците ги реализираат своите желби, интереси и способности кои се надвор од наставата и ги дополнуваат своите знаења.Овие активности даваат можност учениците да се истакнат во некоја област со што се зголемува нивното искуство.Исто така во рамките на Училишниот парламент,учиниците имаат можност да ги искажат своите идеи. |
| | Натпревари | -Секоја година се организираат училишни натпревари. Најдобрите ученици учествуваат на: училишни,општински,регионални,државни и меѓународни натпревари.<br>Според извештаите се согледува дека учениците учествуваат и се здобиваат со признанија на конкурси, натпревари и благодарници за учества на манифестации. |

**Подрачје 1: Планирање, настава и учење**

| **Опис/резиме на подрачјето**<br><br>**Изворот на ова подрачје е педагошката документација на секој наставник: годишни-преспективни, развојни, тематски процесни планирања кои ги доставуваат до стручна служба и директорот пред почетокот на секоја училишна година. Планирањата се според насоките од МОН и БРО на Република Северна Македонија, истите се проверуваат и се додаваат во професионалното портфолио на секој наставник. Во планирањата се вметнуваат актуелните проекти, ИКТ интеграција, како и инклузивни програми според потребите на учениците.** |
|---|
| **Силни страни**<br><br>• **Наставата се организира согласно наставните планови и програми.**<br>• **Наставниот кадар е стручен и компетентен за реализација на наставните планови и програми, подготвени од МОН и БРО.**<br>• **Наставниците изготвуваат годишни и тематски процесни планирања кои ги содржат сите неопходни елементи за успешна реализација на часот.**<br>• **Наставниците работат тимски и разменуваат меѓусебни искуства во однос на наставните програми.**<br>• **Постои заемна соработка на ниво на стручни активи.**<br>• **Училиштето зема активно учество на семинарите во текот на учебната година.**<br>• **Учениците слободно заедно со своите родители избираат кој изборен предмет ќе го изучуваат.**<br>• **Секој ученик согласно своите афинитети избира во кои воннаставни активности ќе учествува**<br>• **Учениците кои го афирмираат училиштето и постигнуваат високи резултати на натпреварите, училиштето им доделува награди и дипломи.**<br>• **Квалитетно изготвување на годишни и тематски – процесни планирања.**<br>• **Навремено доставување на годишни и тематски – процесни планирања.**<br>• **Размена на искуства стекнати на семинари помеѓу наставниците на ниво на актив.**<br>• **Интерактивна настава со примена на интерактивни форми, методи и техники на учење и поучување**<br>• **Следење на напредокот на учениците**<br>• **Во училиштето постои стимулирачка и поттикнувачка средина, која буди интерес за учење.**<br>• **Не постои никаква родова поделеност во училиштето.**<br>• **Се превземаат многубројни активности за исполнување на образовните потреби и отстранување на пречките.**<br>• **Секој ученик има целосна поддршка и од педагошко-психолошката служба , во решавањето на воспитно-образовните проблеми.** |

- За учениците кои имаат потешкотии во учењето редовно се одржува дополнителна настава.
- Мотивираност на наставниците за меѓусебна соработка и помош за надминување на проблемите во и околу наставата и наставниот процес воопшто.
- Различни форми и методи за оценување на постигањата на учениците.
- Практична примена на стекнатите знаења на учениците
- Позитивен и професионален однос кон учениците и родителите.
- Соработка со родителите.
- Развивање на иницијативност за меѓусебна соработка и помош , заедничко дружење и надминување на верски, национални, социјални бариери.
- Максимално се користат расположливите капацитети за изведување на наставата.
- Училишната библиотека располага со потребните лектирни изданија и е добро средена и досгапна на учениците
- Училиштето располагага со разновидна стручна литература.
- Во училиштето работи квалификуван и оспособен наставен кадар кој работи тимски и друг административно-технички персонал.

**Слаби страни**

- Постојните нагледни средства и технички помагала во целост не ги задоволуваат потребите за реализација на наставата.
- Оптовареност на учениците со неделен фонд часови и содржни по поедини наставни предмети.
- Проблеми со интернет мрежата.
- Поголема мотивација на учениците и родителите за учество во вонаставни активности.
- Примена на диференциран пристап во наставата како учениците би напредувале според своите можности и способности.
- Во предметна настава има потреба од естетско уредување на училниците.
- Задоволување на потребите од потрошен материјал за наставата.
- Недоволна примена на нагледни наставни средства.
- Недостаток на учебници, прирачници и стручна литература за наставниците.
- Потреба од набавување на некои современи дигитални средства и дидактички материјали.
- Има потреба од уредување на уште неколку компјутерски училници.
- Учениците се преоптоварени со наставни часови за нивната возраст.

**Приоритети**

- **Набавување на нагледни средства и дидактички помагала за квалитетно изведување на наставата како и потрошен материјал.**
- **Опремување со ИКТ технологија.**
- **Стабилен интернет.**
- **Организирање на разновидни воннаставни активности во училиштето.**
- **Мотивирање на учениците во предметна настава преку примена на активни форми и техники на учење.**

**Подрачје 2: Постигања на учениците**

| **Индикатори за подрачјето:** |
| --- |
| **2.1 Постигања на учениците**<br><br>**2.2 Мерки за подобрување на постигањата**<br><br>**Координатор на тимот: Маријана Димитриевска**<br>**Членови на тим: Елена Георгиевска,Александра Јакимовска,Катерина Петковска,Валентина Петрушевска,Лидија Павловиќ,Силвија Јовановска,Тања Младеновиќ,Олга Глигорова,Сандра Блажевска** |

| **Собирање податоци** | | |
|---|---|---|
| **Индикатор 2.1 Постигања на учениците** | | |
| **Извори на податоци** | **Теми по индикатори** | **Информации кои се собрани** |
| • Е-дневник<br>• Училишни програми и извештаи<br>• Самоевалуација<br>• Евидентни листови за успех и поведение на ученици<br>• Прегледи и анализи за успех по класификациони периоди<br>• Годишен и полугодишен извештај за успехот и постигнатите резултати<br>• Записници од наставнички совет и одделенски совет<br>• Записници од средби со родители<br>• Училишни наставни програми<br>• Развоен план на училиштето<br>• Извештаи од стручна служба<br>• Записници од стручни органи на училиштето | Следење на постигањата на учениците од различен пол и јазик на наставата според наставни предмети и според квалификациски период | Училиштето ги следи постигањата на учениците на Советите на предметни наставници и Советите на одделенски наставници според претходно утврдена пишана процедура и располага со податоци за постигањата на учениците според пол, етничка припадност, наставни предмети и класифицикациони периоди. Постигањата на учениците се следат континуирано и во форма на формативно оценување, а потоа на крајот на секое тримесечие се дава сумативна оценка.<br><br>Учениците од прв образовен период добиваат описни оценки во сите класификациони периоди, учениците од втор образовен период се оценуваат исто така описно, освен на крајот на учебна година, кога добиваат бројчани оценки, додека ученици од третиот образовен период се оценуваат бројчано во сите класификациони периоди. Најголемиот број од анкетираните ученици одговориле дека редовно се следени од страна на наставниците и добиваат поттик и насоки за подобрување на успехот. Од анализите за успехот на ученици според наставни предмети најдобри резултати се постигнати по вештини (музика и уметност) , малку послаби по јазици и општествени науки, а најслаби резултати по природните науки. Направени се споредби на средниот успех, поведението и изостаноците во 2022/23 и 2023/24 учебна година.<br><br>Средниот успех на крајот на учебната година во изминатите две учебни години е 3,98 на крајот на 2022/2023 и 4,01 на крајот на 2023/2024 учебна година. При што се гледа дека средниот успех на ниво на училиште бележи тренд на зголемување. Овие податоци се достапни во форма на табеларни прегледи , кои се предаваат од страна на одделенски раководители за секој класификационен период. |

| | | |
|---|---|---|
| • Статут на училиште<br>• Увид од инспекциски тим<br>• Програма за дополнителна и додатна настава<br>• Распоред со термини за средба со родители<br>• Распоред за дополнителна и додатна настава<br>• Покани за родителски состаноци за секој класификационен период за постигања на ученици<br>• Интервију со директор и стручна служба<br>• Анкети со наставници, родители и ученици<br>• Медицинска документација на ученици<br>• ИОП<br>• Прашалници од наставници, ученици и родители | | На наставничкиот совет се разгледува успехот на постигнања на ученици по одделни предмети и одделенија, се дискутира и се даваат предлози за подобрување на истиот.<br>Извештаите за успехот на учениците по полугодие, ги разгледува и училишниот одбор. |
| | Резултати од екстерни тестирања | Во училиштето  не се врши екстерно тестирање во вистинска смисла на зборот, но се прават тестирања во форма на интерни натпревари по различни предмети на ниво на генерација, како би се селектирале најдобрите ученици кои ќе учествуваат на организираните натпревари. |
| | Идентификување и поддршка на учениците<br>со тешкотии во учењето,<br>на надарените ученици и<br>на учениците со попреченост | Учениците со тешкотии во учењето, а и оние со посебни образовни потреби, најпрво се идентификуваат при опсервацијата за време на уписот во прво одделение (прашалници во кои родителот сам укажува на проблеми со детето, мислења од Заводот за ментално здравје, лекарска потврда), а доколку подоцна се воочи проблем, се разговара со наставникот, ученикот и родителот – и се консултираат компетентни институции.<br>Идентификацијата на учениците со посебни образовни потреби е отежната, бидејќи училиштето не располага со потребни психодијагностички инструменти<br><br>Групата деца со кои работи стручниот тим се формира врз основа на наод / мислење од Центарот за ментално здравје, при што се наведува и видот на попреченост. Наодите се земаат во предвид и кога се изготвува долгорочен, среднорочен и краткорочен оперативен план за работа со овие деца или се работи со  диференциран пристап.<br><br>Постигањата на децата во овој случај се вреднуваат согласно индивидуалниот оперативен план и целите во диференцираниот пристап.<br>Се поттикнува инивидуален напредок според личните способности и во однос на самиот себе, без споредување на едно дете со друго.<br>Најголем број наставници обезбедуваат поддршка на учениците со потешкотии во учењето, а учениците со посебни образовни потреби без исклучок работат според ИОП. |

| | | |
|---|---|---|
| | | Надарени ученици се идентификуваат преку опсервација на наставникот на часот – анегдотски белешки, оцени, лична евиденција на секој наставник одделно. За овие ученици кои посебно се истакнуваат , преку додатна настава се подготвуваат за учество на натпревари на општинско, регионално и на државно ниво од разни области.<br>Најголем број од наставниците се изјасниле дека успешно ги идентификуваат учениците со посебни образовни потреби.<br>Резултатите од спроведените анкети за наставници, родители и ученици , говорат дека најголем дел од наставниците им даваат соодветни насоки на учениците како да го совладаат предвидениот материјал идентификувајќи ги учениците со потешкотии како и надарените ученици. |
| | Известување на родителите/старателите за постигањата на учениците | За секој класификационен период родителите/старателите добиваат известување за постигањата на учениците, во форма на Евидентен лист за успех и редовност на ученикот. Евидентиот лист е достапен во електронска форма, преку Е-дневник, кој може електронски да го потпишат, а на родителските средби го добиваат и во печатена форма за увид во постигнатиот успех на учениците. Известување за постигањата на учениците и насоки за подобрување родителите/старателите добиваат и преку индивидуални разговори со наставникот, за кои уредно се води записник. Во училиштето има истакнато распоред за предметни наставници, со термини за соработка и консултации со родители.<br>Најголемиот број од наставниците се изјасниле дека голем број родители ги користат можностите да разговараат за постигања на своето дете по премети и добиваат јасни насоки како најдобро да му помпогнат на своето дете во учење.<br>Најголемиот број од учениците се изјасниле дека неговите родители постојано се известувани за напредокот на училиште. |

| **Индикатор 2.2 Мерки за подобрување на постигањата** | | |
|---|---|---|
| **Извори на податоци** | **Теми по индикатори** | **Информации кои се собрани** |
| • Електронски дневник<br>• Годишен извештај за успехот и постигнатите резултати<br>• Евидентни листови за разговори со учениците од стручните соработници<br>• Податоции и извештаи од директор, стручна служба<br>• Известувања од МОН и ДПИ<br>• Увид во педагошка евиденција и документација<br>• Статут на училиште<br>• Записници од средби со родители и локална самоуправа<br>• Покани за советување на родители/старатели<br>• Анализи на успех<br>• Записници од оддржани советувања со родители/ | Редовност во наставата | Систематски се следи редовноста на учениците преку евидентирање на отсуствата во електронски дневник, на крајот на прво и трето тромесечие, на полугодие и на крај на учебната година и со истите ги запознава одделенскиот, наставничкиот и советот на родители;<br>Се анализираат причините за отсуства, се применува интерен протокол за повикување родители согласно со интерен правилник за изрекување педагошки мерки – за учениците кои имаат над 10 неоправдани и над 100 оправдани изостаноци се повикуваат родителите на советување. Училиштето презема активности за подобрување на редовноста, но сепак, секогаш постои простор за подобрување на редовноста на учениците. Во врска со ова не постои диференцијација според полот, етничка припадност и социјално потекло. Училиштото освен со родителите, соработува и со локална самоуправа, граѓански организации и Центар за социјални работи за да ја зголеми редовноста на учениците во наставата. Училиштето презема посебни мерки за редовно посетување на настава од страна на ученици од ранливи категории, врши посети на домот од страна стручни соработници, испраќа покани до родителите/старателите и доставува извештаи до ДПИ за нередовно посетување на наставата. Сите овие мерки даваат резултати,<br><br>Просекот на изостаноци бележи тренд на зголемување, во 2022/2023 учебна година од 7,89 , во 2023/2024 учебна година се зголемува на 8,68 изостаноци по ученик. |
| | Советување на родители/старатели и ученици | Доколку учениците покажат намалување на успехот и несоодветно однесување и подолго отсуство од наставата, нивните родители се повикуваат на консултативен разговор. Ако и тоа не вроди со плод тогаш родителите се упатуваат на советување. |

| | | |
|---|---|---|
| старатели<br>• Распоред за дополнителна настава<br>• Интервију со директор и стручна служба | | Советувањето во училиштето се врши врз основа на ориентационен план за одржување на советувањата изготвен од страна на психологот на училиштето согласно Програмата за советување на ученици и родители.<br>Родителите се повикуваат со архивирани и нумерирани покани. Советувањата со родителите се реализираат групно, а по потреба и индивидуално.<br>За советувањата се води записник и евиденција за присуство.<br><br>Извршените советувања на родители/старатели и ученици доведоа до подобрување на успехот и редовноста кај најголем дел од учениците<br><br>За извршените советувања со родители/старатели и ученици редовно се известуваат надлежните институции, преку пополнување и испраќање на соодветен формулар.<br>Најголем број од анкетираните родители се согласуваат дека од наставниците добиваат добри совети за подобрување на успехот на нивното дете.<br>Најголемиот број од анкетираните наставници се изјасниле дека на родителите им даваат јасни насоки како да му помогнат на своето дете во учење. |
| | Подобрување на постигањата на учениците преку редовната и дополнителната настава | Училиштето промовира уверување дека без разлика на етничката и верската припадност , како и економскиот и социјалниот статус постигањата на сите ученици може да се подобрат и за таа цел организира дополнителна, додатна настава и слободни ученички активности.<br>Секој наставник на почетокот на учебната година изготвува годишна програма за овие форми на настава.<br>На ниво на предметна настава се изработува распоред за реализација на овие програми, според планираниот број на додатни, дополнителни часови и часови за слободни активности во рамките на една паралелка.<br>Распоредот се истакнува на огласна табла, како и на веб-страна на училиште.<br>Останатите одделенија, кои следат настава по новата концепција, дополнителната настава се реализира во рамките на пет-часовен |

| | | |
|---|---|---|
| | | престој на учениците во училиште.<br>За дополнителната настава изготвени се и посебни известувања до родителите на учениците кај кои се воочени потешкотии во совладувањето на материјалот по поедини предмети. За подобрување на постигањата на учениците, наставниците применуваат различни методи на работа, преку знаења добиени од посета на семинари со што се постигнуваат резултати (активни методи на работа во групи, тимска работа, разговор, презентација и демонстрација ,употреба на ИКТ во наставата,одржување на отворени часови), а сето тоа допринесува часовите да се поорганизирани. Според тоа, редовната настава во континуитет се унапредува со нови проекти, техники и методи на работа.<br>Во оценувањето се настојува примена на поголема транспарентност и формативно следење и оценување на учениците со што се придонесува за поголема објективност и праведност.<br>Континуирано се следи напредокот на учениците, а подлабоки анализи се прават на класификационите периоди, при што се донесуваат предлог мерки за подобрување на постигањата на учениците.<br>За таа цел се реализира дополнителна настава по сите предмети за кои учениците имаат тешкотии во учењето и додатна настава за учениците кои покажуваат интерес и постигнуваат значителни резултати по одделни предмети.<br>Во текот на годината, видлива е промена во реализацијата на наставата за<br>подобрување на постигањата.<br>Во училиштето се врши анализа и се изготвуваат квартални, полугодишни и годишни извештаи со кои се утврдува подобрувањето на постигањата на учениците преку дополнителна и диференцирана настава.<br><br>Најголем број наставници обезбедуваат поддршка на учениците со потешкотии во учењето, а учениците со посебни образовни потреби без исклучок работат според ИОП.<br>Поголем број ученици се изјасниле дека на нивно барање наставниците им организираат дополнителна настава. |

| | | |
|---|---|---|
| | | Најголем број ученици се изјасниле дека наставниците се обидуваат да им го разјаснат материјалот на различни начини.<br>Наставниците по секој наставен предмет имаат изготвено програма за додатна настава по која работат.<br>Најголем број од испитаните ученици се изјасниле дека доколку по некој предмет сакаат да научат повеќе од предвиденото на часовите, наставниците им нудат додатни часови.<br>Најголем дел од родителите сметаат дека на нивните деца им е овозможено да имаат дополнителна или додатна настава, доколку тоа е потребно. |

**Подрачје 2: Постигања на учениците**

| **Опис/резиме на подрачјето**<br><br>• Училиштето располага со податоци за постигањата на учениците по сите наставни предмети за сите квалификациони периоди. Направени се споредби на средниот успех, поведението и изостаноците во наведените учебни години.<br>• Училиштето промовира уверување дека постигањата на сите ученици може да се подобрат и организира дополнителна, додатна настава и слободни активности.<br>• Најголем дел од учениците се изјасниле дека наставниците преку дополнителна настава ги поттикнуваат во подобрување<br>на нивниот успех и на најразлични начини се обидуваат да им помогнат во совладување на наставниот материјал.<br>• Редовната настава во континуитет се унапредува со нови проекти, техники и методи на работа<br>• Постигањата на децата со потешкотии во учење или со посебни образовни потреби се вреднуваат согласно индивидуалниот оперативен план и целите во изготвените оперативни планови за работа со овие ученици.<br>• Надарени ученици се идентификуваат преку опсервација на наставникот на часот и со посебни идентификациони листи.<br>• Во училиштето не се врши екстерно тестирање во вистинска смисла на зборот, но се прават тестирања во форма на интерни натпревари по различни предмети на ниво на генерација.<br>• Систематски се следи редовноста на учениците,се анализираат причините за отсуства, се применува интерен протокол за повикување родители и се врши советување на родителите.<br>• Не постои диференцијација според полот, етничка припадност и социјално потекло за изостаноците. |
|---|
| **Силни страни**<br><br>• Училиштето промовира уверување дека постигањата на сите ученици можат да се подобрат без разлика на нивната етничка и верска припадност и социјално-економскиот статус.<br>• Училиштето соработува со родителите и редовно ги информира за постигањата и дисциплината на нивните деца по наставни предмети и квалификациони периоди.<br>• Училиштето организира додатна настава за да им овозможи на надарените ученици да ги развиваат своите потенцијали, но според добиените резултати од анкетата постои простор за поредовна реализација на додатна настава. |

- **Редовно се организира и реализира дополнителна настава за учениците кои послабо напредуваат во наставата**
- **Соработува со други стручни служби и институции од локалната заедница.**
- **При оценувањето на учениците не се прави разлика во однос на полот и нивната етничка припадност**
- **Учениците имаат можност да членуваат во бројни слободни активности.**
- **Редовната настава континуирано се унапредува.**
- **Во училиштето се врши евиденција на  отсуство од наставата , се следи редовноста, се анализираат причините за отсуство и се преземаат активности за зголемување на редовноста, што резултира со намалување на бројот на неоправдани изостаноци .**
- **По завршувањето на секој квалификационен период се врши споредување на успехот со претходните години.**
- **Постои соработка со родителите, стручните соработници и Заводот за ментално здравје во работата со децата со посебни потреби и училиштето ги вклучува во секојдневните свои активности.**
- **Постои изградена политика на опфат на учениците и за тоа се преземаат соодветни активности.**
- **Континуирано следење на постигнување на ученици од различна полова, етничка припадност според наставни предмети.**
- **Добра соработка меѓу наставниците, директорот и стручната служба и нивна координирана работа.**
- **Солиден број на одлични и задоволителни постигнувања на учениците, но секогаш постои простор за подобрување.**
- **Опфатеност на ученците со вонаставните активности организирани во секции и групи.**
- **Продуктивната работа од овие секции се експонира на одредени училишни манифестации и приредби, а најмногу преку ученичките натпревари на општинско, регионално и државно ниво.**
- **Мотивирање за учество и наградување на учениците кои постигнале значајни резултати на натпревари и конкурси.**
- **Значајни постинувања во делот на екологијата и безбедноста на учениците.**
- **Подобрениот успех е резултат и на состаноците на ниво на стручни активи.**
- **За постигање на учениците, родителите се редовно известувани преку родителските средби, Е-дневник и меѓусебната соработка на релација наставник – ученик – родител – стручна служба – директор.**

**Слаби страни**

- Слаба соработка со родителите на учениците со слаб успех.
- Немање на кабинетска настава.
- Недостаток на посовремени наставни и нагледни средства и практикување на ИКТ во секојдневниот наставен процес.
- Објективното и транспарентното оценување на постигнувањата на учениците повремено и во одредени случаи се нарушува особено на крајот на учебната година кога се инсистира на подобри оценки за учениците.
- Идентификацијата на учениците со посебни образовни потреби е отежната, бидејќи училиштето не располага со потребни психодијагностички инструменти.
- Подобрување на квалитетот на дополнителната и додатната настава.

**Приоритети**

- Подобрување на соработката со родителите на учениците со слаб успех.
- Осовременување на наставата со употреба на современи наставни средства и помагала.
- Разновидна примена на современи наставни форми и методи.
- Продолжување со едукација на наставниот кадар за користење на современа информатичка и друга технологија во наставата.
- Примена на формативен и сумативен начин на оценување на учениците.
- Охрабрување на учениците за понатамошно развивање на еко-свест.
- Опремување со потребни психодијагностички инструменти за идентификација и работа со ученици со посебни образовни потреби

**Подрачје 3: Училишна клима и односи во училиштето**

| **Индикатори за подрачјето:** |
|---|
| **3.1 Училишна клима**<br><br>**3.2 Еднаквост и правичност**<br><br>**3.3 Партнерски однос со заедницата**<br><br>**3.4 Севкупна грижа за учениците**<br><br><br>**Координатор на тим: Наташа Бојческа**<br>**Членови на тим: Сандра Јовановска, Даниела Јакимова, Александра Коцевска, Ненад Ѓорѓиевски, Светлана Стојановска, Марјан Анѓеловски, Наташа Златковска, Силвана Јовановска, Антонио Кипријановски** |

**Самоевалуација на училиштето: ООУ „Магдалена Антова“ Подрачје 3: Училишна клима и односи во училиштето**

| **Собирање податоци** | | |
|---|---|---|
| **Индикатор 3.1 Училишна клима** | | |
| **Извори на податоци** | **Теми по индикатори** | **Информации кои се собрани** |
| ➢ Кодекси на однесување на ученици и вработени<br>➢ Статут на училиштето<br>➢ Куќен ред на училиштето<br>➢ Правилник за изрекување педагошки мерки<br>➢ Интернет страна на училиштето<br>➢ Профилна страна на друштвена мрежа<br>➢ Прашалници за ученици<br>➢ Прашалници за родители<br>➢ Прашалници за наставници<br>➢ Интервју со стручна служба<br>➢ Е-твининг платформа и огласна табла за проектот<br>➢ Записници од Наставнички совет<br>➢ Распоред за дежурни наставници | Углед/имиџ на училиштето | ООУ „Магдалена Антова“ е училиште со долгогодишна традиција и квалитетна работа која се отсликува во нашите постигнувања низ годините. Училиштето започна со работа во 1974 година како подрачно училиште, во склоп на ОУ „11 Октомври“. Како самостојно училиште функционира од 1.9.1989 година. Многубројни награди, признанија и пофалници сведочат за резултатите од работата на нашите вработени и на учениците. „Магдалена Антова“ е пријатно место со пријатна гостопримлива атмосфера, кое мотивира и дава поттик за понатамошно подобрување и усовршување.<br>Училиштето е вклучено во неколку проекти финансирани од ОБСЕ и Мак Петрол, како и во онлајн проект со неколку европски држави на платформата Етвининг. Нашите програми, извештаи и планови се поставуваат на веб-страна на училиштето, како и сите тековни активности, проекти, настани и освоени награди. Промоција на постигнатите резултати се поставува и на профилна страна на друштвен медиум. Секоја година свечено се одбележува денот на училиштето и нашиот патрон, Магдалена Антова. |
| | Кодекс на однесување | Во училиштето се изработени кодекси за однесување на учениците и наставниците. Кодексот за однесување на учениците е поставен во секоја училница и во ходниците, а за наставниците е навремено поставен на огласна табла. По извршената анкета кај родители, се заклучува дека најголемиот дел се согласуваат се согласуваат дека се запознаени со кодексот, а поголем број се огласуваат дека имаат можност да допринесат за негов развој/ажурирање. |
| | Училишна клима | Во училиштето преовладува пријатна и работна атмосфера. Соработката помеѓу вработените е на високо ниво, постои взаемна почит, разбирање и дружба. Често се одржуваат состаноци на стручните активи и соработката помеѓу активите е на високо ниво. Наставниците |

| | | |
|---|---|---|
| ➢ Записници од стручни активи<br>➢ Записници и извештаи од советување на родители<br>➢ Записници и извештаи од советување на ученици<br>➢ Досие на ученички парламент<br>➢ Програма и правилник за работа на ученички парламент<br>➢ Е-дневник<br>➢ Награди, пофалби и признанија | | се однесуваат со почит кон учениците и се отворени за разговор. Учениците се отворени и можат да разговараат и да побараат помош доколку е потребно. Од анкетата за ученици се заклучува дека најголемиот дел од учениците се чувствуваат безбедно во училиштето, и дека се прифатени и од учениците и од наставниците.<br>Од анкетата за наставници значително преовладува бројот на наставници кои се согласуваат дека атмосферата во училиштето е поттикнувачка и позитивна, како и дека добро соработуваат со другите наставници. Директорот постојано организира информативни средби на кои се дискутира за тековни активности и новости. Училиштето се залага за поголема соработка со родителите. Наставниците имаат часови за соработка со родителите и ги користат за индивидуални разговори во кои се дискутира на сите теми поврзани со учениците. Според анкетата за родители, се доаѓа до заклучок дека најголемиот дел од родителите сметаат дека нивното дете е прифатено и почитувано и од наставниците и од соучениците. Училиштето се гордее со високата стапка на инклузивност. Не постои поделба според полот, верската припадност, способноста или социјалниот статус; постои еднаков правичен однос кон сите и силно се инсистира на изедначување по важност на сите засегнати во воспитно-образовниот процес. Во училиштето работат и образовни асистенти кои се дел од сите инклузивни тимови и одлично се прифатени од сите вработени и учениците.<br>Во училиштето има распоред за дежурства кој јавно е истакнат во текот на целата учебна година. Дежурните наставници внимаваат на влезовите и на учениците во текот на одморите, пред и после часовите и се на располагање за прашања и давање помош/совет. |
| | Поведение и дисциплина во училиштето | Најголемиот дел од учениците го почитуваат кодексот на однесување и се изјасниле дека ги знаат последиците доколку не се придржуваат до правилата на однесување. Во секое одделение правилата се донесуваат заедно со одделенскиот раководител и сите се должни да ги почитуваат. Бројот на конфликтите е мал, а кон нивното решавање согласно со Правилникот за изрекување на педагошки мерки се пристапува веднаш, при што се вклучуваат и директорот, претставник од стручната служба и родителот. Учениците слободно и безбедно се движат низ училиштето, атмосферата е работна и раздвижена и сите |

| | | |
|---|---|---|
| | | вработени допринесуваат кон подигнувањето на моралот на учениците и непречено одвивање на наставата. Според податоците впишани во Записниците од Наставнички совет најголем процент од учениците се со примерно поведение, и во текот на учебната година многу мал процент од нив го намалуваат поведението. Во тој случај или во случај на несоодветно однесување или намалување на успехот психологот по пат на покана за советување го кани родителот/ученикот и одржува советување на родителите и учениците. Психологот активно го врши советувањето, преку дискусија и работилници. На секој Наставнички совет во должина се дискутира доколку има намалување на поведение кај ученик и се собираат предлози за подобрување на поведението. При запишување на ученици родителите добиваат информативна брошура која ги содржи правата и обврските и на родителите и на нивните деца. Според анкетираните родители поголем дел целосно се согласуваат и се согласуваат дека училиштето добро се справува со дисциплината, но еден помал дел не се согласуваат со таа точка. Во коментарите на анкетните листови е наведено дека одреден ученик го попречува воспитно-образовниот процес и дека постои несоодветно однесување на ученик кон соучениците. Овие изјави ќе бидат искористени со цел решавање на конфликтните ситуации и одделенските раководители ќе се залагаат на почеста комуникација со родителите. |
| | Учество на учениците во донесувањето одлуки и решавањето проблеми | Учениците се вклучени во процесот на донесување одлуки и решавањето проблеми и на ниво на одделенијата и на ниво на училиштето. Најголем дел од анкетираните ученици се согласуваат дека имаат донесено заеднички правила за однесување кои сите ги почитуваат. Секое одделение има ученичка заедница од претседател и заменик. Претседателот го претставува одделението и се вклучува во решавањето конфликти и донесувањето на фер одлука. На почетокот на учебната година сите ученици имаат шанса да го развиваат/ажурираат Кодексот на однесување. Во училиштето активно работи Ученичкиот парламент и Ученички Правобранител. Тие работат според изготвена програма и имаат чести средби од минимум два пати месечно. Парламентот ги застапува и промовира правата и интересите на учениците и го промовира ученичкиот активизам. Преку претседателите и замениците сите ученици се информираат за сите предлози и одлуки |

| | | |
|---|---|---|
| | | донесени од парламентот. |
| **Индикатор 3.2 Еднаквост и правичност** | | |
| **Извори на податоци** | **Теми по индикатори** | **Информации кои се собрани** |
| ➢ Оперативен план на ОЖВ<br>➢ Веб страни на училиштата – соработници во проектите<br>➢ Информативна брошура по повод Светски ден на лицата со аутизам<br>➢ Програма и правилник за работа на ученички парламент<br>➢ Досие на ученички парламент<br>➢ Онлајн платформа Osce communities за реализација на проект „Градиме мостови“<br>➢ Платформа Е-твининг и информативна табла во училиште<br>➢ Правилник за избор на ученик на генерацијата | Познавање и почитување на правата на децата | Правата на децата се почитуваат од страна на сите вработени во училиштето. Целите од Конвенцијата на правата на децата се остваруваат преку часовите предвидени за ОЖВ, преку свечен прием кај Градоначалникот во Општина Куманово и преку одбележување на најзначајните денови за лица со попреченост. По повод Светскиот ден на лицата со попреченост, 3 декември одржана е работилница во ООУ „Кочо Рацин“ во која земаа учество ученици, асистенти и дефектолози од сите општински училишта. Во едно одделение е одржана работилница за одбележување на Денот на лицата со Даунов синдром, 21 март. По повод 2 април, Ден на лицата со аутизам, изработена е информативна брошура од страна на училиштен инклузивен тим. Правата на децата се дискутираат на родителските и индивидуални средби со родителите или групи на родители доколку има потреба. Училиштето ги мотивира своите ученици целосно да се запознаат со своите права, да ги штитат и ги задолжува да ги исполнуваат обврските кои произлегуваат од работилници реализирани на часовите по ОЖВ. Запознавање на учениците со детските права е интензивирано преку обуки од Ученик правобранител членови на парламентот. Претседателот на парламентот и Ученички Правобранител,со замениците, се избираат со тајно гласање од сите 32 ученици членови на ученичкиот парламент. |

| | | |
|---|---|---|
| | Еднаков и правичен третман на сите ученици | Сите вработени се запознаени со правата на децата и со почит се однесуваат кон сите ученици, независно од полот, етничката припадност, социјалниот статус и индивидуалните способности. Најголемиот дел од анкетираните ученици се согласуваат дека знаат како да постапат и каде да се обратат ако се прекршуваат нивните права. Училиштето реагира доколку има поплаки од учениците за нееднаков третман. Учениците гради политика на меѓуетничка интеграција во образованието преку двегодишниот проект „Градиме мостови“ кој е финансиран од ОБСЕ и се реализира со заеднички активности на месечно ниво со партнер училиште „Фаик Коница“, с. Слупчане. Преку овој проект учениците се учат на толеранција, отфрлање на предрасудите, стереотипи, комуникација, искоренување на дискриминацијата. Учениците ја почитуваат сопствената и културата и традицијата на другите етнички заедници. Ученик од ранлива категорија, односно со ПОП, активно зема учество во сите реализирани активности во проектот. Училиштето самостојно планира наставни и воннаставни активности со партнерот училиште за да обезбеди меѓуетничка соработка меѓу учениците и вработените. Почитување на својата култура и запознавање на останатите е една од целите на Етвининг проектот „Воспитуваме светски граѓани“, кој оваа година се реализираше помеѓу наши ученици од четврто одделение и партнери од три европски држави. Преку планираните активности учениците работеа паралелно на слични активности и се запознаа со одликите на другите култури. Вештините за еднаков третман се обработуваат и преку работилници на часовите по ОЖВ.<br>Училиштето води политика на позитивно вреднување и промовирање на родова, етничка, културна и, верска и јазична разновидност на училиштето и во заедницата и нивно взаемно прифаќање.<br>Постапката за избор на ученик на генерација се одвива транспарентно според Правилник за избор на ученик на генерацијата. |
| **Индикатор 3.3 Партнерски однос со заедницата** | | |
| **Извори на податоци** | **Теми по индикатори** | **Информации кои се собрани** |

| | | |
|---|---|---|
| ➢ Статутот на училиштето и записници од Совет на родители и родителски средби<br><br>➢ Годишна програма, анкети и интервјуа со Директор, наставници, ученици и стручни соработници<br><br>➢ Веб страница на училиштето<br><br>➢ Педагошка евиденција и документација<br><br>➢ Решение за именување на членовите на училишен одбор<br><br>➢ Проекти за учество на училиштето во локалната заедница и пошироко<br><br>➢ Организирани трибини, дебати и предавања со родителите и претставниците од локалната заедница | Соработка на училиштето со родителите/старателите | Училиштето за родителите организира индивидуални и заеднички родителски средби. Во училиштето има направен распоред за термините за консултација со наставниците.<br>Идеите на родителите во насока на подобрување на училишната клима се прифаќаат, како што е забележано од спроведените анкети за родители. Врз основа на Статут за работа на Совет на родители, училиштето има пропишано процедура за избор на на претставници од родителите.<br>Работата на училиштето, постигањата на учениците, организацијата и идните активности во вид на информации доспеваат до самите родители (родителски средби, анализи, евидентни листови). Родителите се добредојдени во училиштето и можат слободно да стапат во комуникација со наставниците, службата и Директорот. Комуникацијата со родителите се одвива преку писмени и телефонски покани, одржани родителски средби, повикување за манифестации (патронен празник, новогодишен базар, велигденски базар), посета на домови на ученици на кои им е потребна помош за лекување, состаноци на Совет на родители. Индивидуалните средби на родители со наставниците се одвиваат во училиштето раководејќи се по слободниот термин на наставникот или по однапред договорен слободен термин. Ваквите средби се по барање на наставникот или родителот со цел унапредување на училишната клима. Вклучувањето на родителите е во интерес на училиштето, а особено кај послабите ученици чии родители се повикуваат на задолжителни советувања. |
| | Соработка со општината и со урбаната заедница | Училиштето секоја година прави поголеми напори да го прошири доменот на дејствување што пошироко во локалната заедница и подалеку.<br>Активности кои се реализирани во изминатиот период се: соработка со ЗПЗП ,,Козјак 2013'' Куманово (училиштето се вклучи со 40 ученици во планинарската тура, искачување на Кукуљатица), проект ,,Планинарска инфраструктура-основа за туризам и здрави навики'' спороведена од ,,Регионална програма за локална демократија во Западен Балкан''(Reload), финансирана од Европската Унија, ја спроведува Програмата за развој на Обединетите нации (УНДП).<br>Во планинарската група до манастир ,,Св. Ѓорѓи'' во с.Беѓаковце во |

| | | |
|---|---|---|
| ➢ Записници од тимот за мултиетичка заедница<br><br>➢ Извештај за работата на училиштето (полугодишен,годишен)<br>➢ Прашалници за родители<br>➢ Записници од родителски средби<br>➢ Термини за консултации со наставници | | соработка со ЗПЗП ,,Козјак 2013’’, училиштето се вклучи со 60 ученици. Оваа учебна година училиштето е дел од проектот „Промоција на безбедни училишта“. Носители на проектот се: Коалиција на Младински Организации СЕГА во партнерство со Првата Детска Амбасада Меѓаши, Смарт Ап-Лабараторија за социјални иновации и Македонски Центар за Граѓанското Образование со поддршка на Детска Фондација „Песталоци“. Постои соработка со Отсекот за превенција при СВР Куманово. Реализирани се посета на НУ Музеј Куманово, ТППЕ пожарна Куманово и Собрание на Република Северна Македонија. Продолжува долгогодишната соработка со НУ Центарот за култура „Трајко Прокопиев„.<br>Училиштето продолжува со реализација на активности на тема „Интегрирано планирање во наставата во училиштето“ според програмата за интеграција на еколошката едукација во македонскиот образовен систем.<br>Исто така наставниците од одделенска настава продолжуваат со реализација на програмата „Интеграција на еколошката едукација во македонскиот образовен ситем“, користење на „Зелен пакет –јуниор“.<br>Во училиштето продолжува реализација на активности од проектот „Примена на асиситвна технологија за индивидуализација на наставата на училиштето“ за работа на ученици со потешкотии.<br>СИТ-тим на училиштето продолжува со реализација на меѓуетнички активности со партнер училиште ООУ “„Фаик Коница“, с. Слупчане. Започнатите активности од проектот „Градиме Мостови“ ќе продолжат меѓу двете училишта преку реализација на работилници и заеднички настап на патрониот празник на нашето училиште, заеднички излет и заедничко одбележување на поголемите празници.<br>Во училиштето е формиран училишен спортски клуб „Магдалена Антова Куманово“.<br>Продолжува соработката со: Црвен крст на РСМ, библиотека „Тане Георгиевски“, Куманово, Медицински Центар, Куманово.<br>Училиштето соработува и со други училишта преку учество во спортски манифестации, литературни читања, работилници, презентации на средните училишта преку нивните профили, регулирање на педагошка документација при премин од едно во друго училиште, при заишување на првачиња со локалната заедница. |

| Индикатор 3.4 Севкупна грижа за учениците | | |
|---|---|---|
| **Извори на податоци** | **Теми по индикатори** | **Информации кои се собрани** |
| ➢ Оперативен план на ОЖВ<br>➢ Интернет страна на училиштето<br>➢ Прашалници за родители и ученици<br>➢ Дневник за работа на стручни соработници<br>➢ Записник од Совет на родители<br>➢ Правилник за превенција од заразни болести<br>➢ Интерен акт за постапување во случај на елементарни непогоди со план за евакуација за движење и за постапување во случај на елементарни непогоди | Превенција и заштита од насилство | За превенција и заштита од насилство се води сметка преку креирање на сигурна и поттикнувачка околина за учење и преку поттикнување на уважување на различностите. На ова поле наставниците работат преку инкорпорирање и обработка на адекватни содржини во рамки на редовната настава, на часовите на одделенска заедница и за време на воннаставните активности. Училиштето има усвоено политика за заштита на децата.Во политика за заштита на децата ООУ “Магдалена Антова” се обврзува на заштита од злоупотреба,насилство и експлоатација на правата на децата,базирајќи се на релевантни меѓународни документи вклучувајќи ја и Конвенцијата за правата на детето,според која членот 19 се однесува на заштита од насилство.Изготвено е упатство за постапка за пријавување и заштита на ученик жртва на која било од формите на насилство,злоупотреба и занемарување.Изготвен е правилник од Училишен парламент на ООУ “Магдалена Антова” за намалување на класната разлика меѓу ученици,намалување на дискриминација,стереотипи и предрасуди.Протоколот е достапен за сите (настаници, ученици и родители). За превенција и заштита од насилство училиштето секоја година изготвува Програма за превенција од насилство. Како дел од програмата се реализирани следниве работилници: Насилна и ненасилна комуникација, Пријателство, Реакции на омаловажување, Грешка, Конфликтите се скалила, Јас и ти – говор и др. На почеток на секоја учебна година се формира училишен тим за безбедност од 4 ученици, 4 родители и 4 наставници како и одделенски тимови за безбедност за 6,7,8 и 9 одд. Педагошко - психолошката служба континуирано дава поддршка преку советодавно-консултативни разговори (индивидуални и групни) на учениците и родителите. Училиштето навремено реагира на било кој облик на насилство и конфликт меѓу учениците. Стручната служба води евиденција за појавени форми на насилство, постапува според протокол како и евиденција за направени разговори со родители и ученици.Оваа учебна година училиштето е дел од пректот “Промоција на безбедни училишта”. |

| | | |
|---|---|---|
| | | Носители на проектот се: коалиција на младински организации СЕГА во партнерство со прва детска амбасада Меѓаши, Смарт Ап – лабораторија за социјални иновации и македонски центар за граѓанско образование со поддршка на детска фондација Песталоци, како и соработка со сектор за превенција.<br>Училиштето има уредна документација за соработка со МВР и СВРКуманово и Центар за социјална работа доколку има потреба за таква соработка. Вработените во училиштето промовираат ненасилна комуникација преку свој личен пример и преку работилници во рамки на редовна настава и воннаставни активности. Училиштето соработува со МВР, СВР- Куманово, оддел за превенција преку реализирање на предавања како дел од нивната програма и акциски план за превенција. Во соработка со претставници од Центарот за интеркултурен дијалог ЦИД одржана е обука на мал дел од наставници за начин на постапување при појава на булинг. |
| | Заштита од пушење, алкохол и од дрога | Наставниците на часовите и на воннаставни активности континуирано работат и секојдневно укажуваат на негативни последици од алкохол, дрога и пушење со изработување на сопствени флаери, хамери, презентации и проекти. За подобро информирање за последици од овие негативни појави редовно на часовите на одделенска заедница се дискутира на оваа тема. На влезот на училиштето и внатре во училиштето има налепници за забрането пушење, внесување и консумирање алкохол, дистрибуција и консумирање наркотични супстанци. Оддел за превенција при МВР-СВР Куманово редовно одржува предавања на тема: Превенција и заштита од пушење, алкохол и дрога. |
| | Квалитет на достапна храна | Учениците немаат училишна менза и најчесто сами се снабдуваат со храна/носење од дома или најголем дел од учениците, со согласност од родителите купуваат храна во продавниците во непосредна близина, но за истите немаме сознанија од ХЕС за квалитетот на храната. Училиштето преку совет на родители даваше иницијатива, но родителите не ја прифатија во рамките на нивни паралелки да биде избрена пекара да доставува/кетеринг кифли до нивни паралелки каде би се испочитувале хигиенските мерки за чување на храна/корпи за кифли и соодветно спакувани. Дополнително, многу мал број на ученици |

| | |
|---|---|
| | се заинтересирани за земање оброк преку достава во училиштето. Се купува храна од околните места надвор од училишниот двор, место кифли се купува нездрава храна, учениците се оставени сами да бираат што често доведува до создавање гужва и доцнење на часовите. Училиштето во соработка со Министерство за земјоделие достави храна/јаболки за секој ученик со што се води грижа за правилна исхрана и внесување на минерали и витамини. По предметите Биологија, Природни науки, ОЖВ на одделенски час во предметна настава и во одделенска настава се обработуваат наставни содржини за здрав начин на исхрана и здрави навики. Особено во одделенска настава се работи на навики за здрава исхрана преку работилници, дискусии, презентации, носење на ужинка-овошје, зеленчук. |
| Хигиена и заштита од болести | Во нашето училиште се води сметка и за поттикнување и на здрави физички навики со организирање на планинарски тури во соработка со ЗПЗП Козјак 2013 – Куманово и ООУ Магдалена Антова. Планинска тура – искачување на врв Кукуљатица - с. Скачковце во која беа вклучени 40 ученици преку проект “Планинска инфраструктура – основа за туризам и здрави навики”,спроведена од регионална програма за локална демократија во Западен Балкан (RELOAD), финансирана од Европска унија (ЕУ) која ја спроведува програмата за развој на Обединети нации (УНДП). Планинарска тура до манастир “Св. Ѓорѓи” – с. Бељаковце во која беа вклучени 60 ученици исто во соработка со ЗПЗП Козјак 2013 – Куманово.<br>Во училиштето редовно се врши чистење и дезинфекција на тоалети, ходници и училници во законски прописи, редовно чистење на училишниот двор, косење трева, хортикултурно уредување од страна на технички персонал, но и од страна на ученици преку разни еколошки активности/Ден на пролет, Ден на планета Земја во двор, но и цвеќиња во училници, кабинети и ходниците. На влезот во училиштето има чешми со чиста вода за пиење и сапун како и корпи за отпад кои редовно се чистат . Во ходниците, училниците, како и во училишниот двор се поставени корпи за отпад. Во ходниците, училниците, како и во училишниот двор се поставени корпи за отпад. Во училиштето од 07.06.2021 год. е задолжителен офталмолошки преглед за првачиња склучен со ЈЗУ Општа болница Куманово. Училиштето соработува со амбуланта „Тоде Мендол“ преку редовна вакцинација на ученици, |

| | |
|---|---|
| | редовно соработува со Школска амбуланта за систематски прегледи и редовно залевање на заби на ученици. Ваквите прегледи се организираат со цел да се констатира и регистрира здравствената состојба на учениците и нивниот психофизички раст и развој. Во училиштето постојат редовни систематски прегледи на вработените на секои 2 години и еднаш годишно се прави санитарен преглед. Училиштето соработува со ХЕС служба која врши редовна ДДД двапати годишно за спречување на појава на заразни болести. На часовите на одд. заедница воспитно се делува врз учениците за одржување на лична хигиена и заштита од заразни болести и на создавање хигиенски навики како и ОЖВ работилници/редовни часови на тема „Јас и здравјето - здраво живеење“. Училиштето има правилник за превенција од заразни болести.<br>Во салата каде што се реализираат часови по физичко и здравствено образование голем дел од прозорците се скршени. Во соблекувалните и на чешмите нема вода и хигиената во тоалетите е на ниско ниво. На спроведената анкета голем дел од учениците и родителите бараат подобрување на хигиената во училиштето и салата воопшто. Во коментари е наведено и барање за обезбедување повеќе тоалети во сала со функционални чешми.<br>Во училишните тоалети постои стара канализациона мрежа која често се затнува и постои опасност од ширење на болести како и стари тоалети кои се дотраени, со искршени плочки, врати, стари и некаде дисфункционални чешми и казанчиња за вода. За лица со телесен инвалидитет нема преадаптирани тоалети. Според спроведените анкети родителите сметаат дека хигиената во училиштето не е на задоволително ниво, и дека секогаш може да се подобри, а голем дел од учениците сметаат дека училиштето не е чисто и уредно.<br>Училишниот простор е безбеден за изведување на настава. Инфраструктурата во училиштето е безбедна и не претставуваат потенцијална опасност за учениците. |

| | | |
|---|---|---|
| | Грижа за безбедноста на учениците и вработените | Во училишниот простор има доволен број ПП апарати и истите редовно се контролираат и сервисираат. Нафтената котлара е покриена со посебен ПП апарат. Пред грејната сезона се врши детална контрола и сервисирање на котларата. Во училиштето има доволен број на надворешни внатрешни хидранти кои еднаш годишно се проверуваат/контролираат и се во употребна состојба. Училиштето располага со громобрани на кои редовно им е направено мерење и контрола. Од ХЕС на секои 6 месеци се врши дезинсекција и дератизација. Училиштето има пропишани мерки и активности за безбедност на учениците во текот на наставата во училишната зграда и училишниот двор и истите се почитуваат. Најголем дел од родителите сметаат дека вработените се грижат за безбедноста на учениците и дека училиштето во целина нуди потполно безбедни услови за нивните деца. Поставен е видео надзор пред главниот влез и внатре низ ходниците на училиштето што уште повеќе ја зголемуваат безбедноста на децата и на вработените. На видни места е поставен план за евакуација и план за заштита и безбедност на учениците и наставниците. Со предупредувачки пораки/налепници се информираат учениците за опасности по нивна безбедност. Двата влеза/излези во училиштето се обележани. Во повеќето училници подовите се оштетени на одделни места и претставуваат потенцијална опасност за учениците и вработените.<br>Постои интерен акт за постапување во случај на елементарни непогоди со план за евакуација за движење и за постапување во случај на елементарни непогоди. Во училиштето редовно се изведуваат симулации. Успешно и брзо неколку пати беше изведена евакуација на ученици и вработени за најави на бомби во училиштето. Бројот на обучени наставници со вештини за давање прва помош на ученици и вработени при несреќен случај во училиштето, секоја година сукцесивно се зголемува. Истите имаат сертификати и има извршено дисеминација на сите вработени. Најголем дел на учениците од предметна настава се обучени за давање на прва помош преку работилници организирани од „Црвен крст“. Поголем дел од вработените исто така имаат посетено и Обука за заштита при работа. Училишниот објект, училишната опрема, вработените и учениците се осигурани. |

| | |
|---|---|
| Грижа за учениците од социјално загрозени семејства | Постои процедура за постапување на материјални средства за ученици од социјално загрозени семејства. Најголем дел на учениците, родителите и наставниците учествуваат во хуманитарни акции за собирање на парични средства, храна и облека, училишен прибор, апарати за домаќинство преку еднократни акции (училишни проекти и базари). Училиштето постојано соработува со хуманиратни и невладени организации како „Црвен крст“ и „Дом за стари лица Зафир Сајто“. Се соработува и со деловна заедница – пријатели на училиштето кои што донираат и даваат помош и поддршка на наши ученици од социјално загрозени семејства. |
| Грижа за учениците со здравствени проблеми | Училиштето со пропишана процедура обезбедува реализација на настава за ученици кои поради здравствени причини, подолг период отсуствуваат од редовна настава. Реализација на наставата се спроведува во соработка и со согласнот од родители/старатели, локалната заедница и други релевантни институции (здравствени установи, центар за социјални работи и сл.). Во услови на подолго отсуство, наставата е организирана на начин што, ученикот секојдневно ја следи наставата онлајн преку лиценцирана образовна платформа Microsoft Teams одобрена од МОН и БРО односно, виртуелно, од дома се вклучува на настава во училница во реално време. Наставниците ја реализираат наставата со прилагодени форми, методи и техники на работа за постојана интеракција со ученикот, како и со изработка на видео презентации, задачи, квизови и сл., кои ученикот треба да ге изработи за време на час или домашна задача. Доколку ученикот нема соодветен уред за следење онлајн настава, училиштето има обезбедено повеќе таблети кои служат за времено користење за ученици, во период потребен за следење онлајн настава од дома. Дополнително, наставниците во соработка со родители/старатели, преку давање и враќање на наставни материјали во пишана форма, ги следат учениците. |
| Грижа за социо-емоционалната добросостојба на учениците | При запишување во прво одделение, педагошко-психолошка служба ги анкетира родителите со прашалник кој се однесува на здравствената состојба на ученикот. Во интерните дневници за работа на стручните соработници и портфолијата на учениците постојат податоци добиени од разговорите со родителите и наставниците, како и документација во врска со здравствената состојба на учениците и остварени контакти со |

| | |
|---|---|
| | релевантни институции. Стручната служба им помага на учениците и родителите или ги упатуваат до релевантни институции. Предагошко-психолошката служба во училиштето има механизам за препознавање на емоционални потешкотии кај учениците. Тоа подразбира континуирано следење на учениците во постојана соработка со одделенски/предметни наставници, родители/старатели, училишен дефектолог, центар за социјални работи и сл. Според анкетираните ученици, најголем дел се согласуваат дека имаат поддршка, помош од раководител на паралелка, друг наставник или стручна служба на училиште при решавање на проблем. Голем број од анкетираните родители се согласиле и целосно согласиле дека училиштето се грижи за добросостојбате и емоционалната добросостојба на учениците. Имено, уште при запишување на ученици во прво одделение, се врши општа проценка за подготвеност и зрелост на ученикот за тргнување на училиште, каде меѓу другото се утвдува и емоционалното здравје на ученикот и се детектира одредена емоционална потешкотија. Понатаму се разговара, известуваат родители/старатели, одделенски раководител и стостојбата се следи. Одделенскиот раководител селектира работилници од Образование за животни вештини кои ги реализира на ниво на паралелка, а се однесуваат на учење за развој на емиционално здравје на учениците, разговара, советува и сл. Доколку бидат забележани негативни промени, училишната стручна служба пристапува кон индивидуална работа со ученикот преку разговори, советувања, вежби за справување со емоционални потешкотии, работилници и сл. Во континуитет родителот/старателот е известен за напредокот на ученикот и истиот е вклучен во процесот на следење. Доколку стручната служба утврди дека детектираната емоционална потешкотија не може да биде санирана во училишни услови и иницира дополнителни истражувања или емоционална поддршка од повисок степен, во соработка со релевантни институции (здравстеви установи, центар за социјални работи, граѓански здруженија, советувалишта и сл.) ги упатува родителите/старателите на понатамошни активности. |

| | | |
|---|---|---|
| | Давање помош при изборот за продолжување на образованието | Училиштето навремено им обезбедува на учениците јасни и точни информации за можностите за продолжување на образованието. За таа цел организира сопствени активности (користење на работилници, користење на вежби за самопроценка на своите способности, интереси и дебати) од стручна служба за избор на професија според афинитетите на учениците и користи промотивни материјали од образовните институции за професионална ориентација на учениците. Училиштето редовно ги информира родителите и учениците за помошта што можат да ја добијат преку пишани и усни соопштенија. Училиштето дава помош на учениците и нивните родители/старатели во избор на средното училиште, посета на отворени денови во средните училишта, презентации од средните училишта и флаери. Училиштето има организирано презентации на професии од страна на родители од различна област и профил. Според резултатите од прашалниците за родителите, најголем дел целосно се согласуваат и се согласуваат дека училиштето дава информации и поддршка при избор на понатамошното образование на учениците. |

**Подрачје 3: Училишна клима и односи во училиштето**

**Опис/резиме на подрачјето:**

**Во подрачјето „Училишна клима и односи во училиштето“, со своите четири индикатори: Училишна клима, Еднаквост и правичност, Партнерски однос со заедницата и Севкупна грижа за учениците, се сумирани сите добиени информации за ова поле кое се однесуваат на нашето училиште, а се однесуваат главно на односите во училиштето, соработката со институциите, запазувањето на еднаквоста и правата на родителите и учениците, безбедноста, хигиената и друго. Сите изнесени податоци се поткрепени со факти од документи во училиштето, спроведени анкетни прашалници, интервјуа.**

**Силни страни**

- **Почит и соработка меѓу сите субјекти во училишето – вработени, родители и ученици.**
- **Училиштето води грижа за социјално-загрозените семејства и за учениците со здравствени проблеми**
- **Отворено е за соработка со сите институции**
- **Успешна соработка во неколку проекти во врска со врсничкото насилство и меѓуетничката интеграција**
- **Училиштето негува инклузивна средина со еднаков однос и грижа кон сите, без предрасуди и поделби**
- **Училиштето обезбедува безбедна средина за работа**

**Слаби страни**

- **Хигиената во училиштето и салата за физичко образование е оценета како незадоволителна по извршени анализи во прашалници**
- **Стара канализациона мрежа, стари и дотраени тоалети**
- **Нефункционални тоалети во сала без вода**
- **Немање назначен паркинг. Како паркинг се користат улицата и дел од дворот.**
- **Дотраен школски инвентар, коментар од прашалник за родители**

**Приоритети**

- **Барање за зголемување на технички персонал со цел постигнување повисок степен на хигиена**
- **Реновирање на тоалети, довод на вода во сала, оспособување на соблекувални**
- **Обезбедување паркинг простор и растеретување на сообраќајот пред училиштето**
- **Набавка на нови клупи, столови, табли, шкафови**

**Подрачје 4: Управување, раководење и креирање политики**

| Индикатори за подрачјето: |
| --- |
| 4.1 Управување и раководење со училиштето<br><br>4.2 Цели и креирање на училишната политика<br><br>Координатор на тим: Виолета Мартиновиќ<br>Членови на тим: Анета Јовановиќ, Славица Цветановска, Елена Манасиевска, Наташа Тодоровска, Маргица Димитријевиќ, Данијела Антевска, Елена Кипријановска, Чедомир Спасовски |

**Самоевалуација на училиштето: ООУ „Магдалена Антова“Подрачје 4: Управување, раководење и креирање политики**

| **Собирање податоци** | | |
|---|---|---|
| **Индикатор 4.1 Управување и раководење со училиштето** | | |
| **Извори на податоци** | **Теми по индикатори** | **Информации кои се собрани** |
| Програма за работа на Училишниот одбор<br><br>Деловник за работа на Училишниот одбор<br><br>Статут на училиштето<br><br>Извештај од самоевалуација<br><br>Записници, Одлуки, Извештаи од работата на Училишниот одбор<br><br>Интервју со Директор и стручните соработници<br><br>Програма за работа на директорот | Управување со училиштето | **Училишниот одбор** (УО), како орган на управување е конституиран согласно законската регулатива и Статутот на училиштето донесен согласно новиот Закон за основно образование (С. Весник на РСМ бр. 161/19 и 229/20). УО брои седум члена и тоа: тројца членови од редот на наставниците, тројца од Советот на родители, еден од Локалната заедница.<br>**Членови на училишен одбор се:**<br>1. Дане Стојковски– претседател на Училишен Одбор - родител<br>2. Данијела Антевска – наставник<br>3. Марјан Анѓеловски - наставник<br>4. Александра Јакимовска-наставник<br>5. Тамара Сентиќ– локална заедница<br>6. Драгана Спасовска – родител<br>7. Фросина Додевска-родител<br>Членовите се делегирани согласно законската регулатива од:<br>-Наставничкиот Совет на училиштето;<br>-Советот на родители во училиштето;<br>-Локалната Власт;<br>-МОН<br>Мандатот на членовите на УО е три години, а мандатот на претставниците од родителите е до период на завршување на основното образование на нивното дете но не подолго од три години.<br>Работата на УО е јасно дефинирана со деловникот за работа на УО согласно новиот Закон за основно образование . Во Деловникот за работа е пропишано присуство на повеќе од половина од членовите на УО за непречена работа и донесување одлуки. До сега се нема случено одложување односно неодржување на седница на училишниот одбор. Состаноците на УО се одржуваат и се реализираат во согласност со деловникот за работа на УО. Сите одлуки и заклучоци се донесуваат со консензус и истите се транспарентни. За работата на УО се водат |

| | | |
|---|---|---|
| Програма за работа на стручни соработници<br><br>Пограма за професионален развој<br><br>Анкета за наставниците, родителите и учениците | | записници. УО има воспоставено партнерски однос со раководниот орган, Учествува во креирањето политики во Училиштето, Советот на родители, стручната служба, наставниците и други заинтересирани страни, како родители, ученици и локална самоуправа. УО зема учество во креирањето политики за еколошка едукација и заштита на животната средина и гради училишни политики во кои се афирмира инклузивноста на училиштето и меѓуетничката интеграција во образованието и граѓански активизам.<br>Најголем дел од родителите се изјасниле дека училишниот одбор ја врши работата транспарентно со тоа што се што е во негова надлежност и тие се известени. |
| Докази за учество и дисеминација на обуки (списоци, агенди, евалуациски листи) | Раководење со училиштето | Раководење со училиштето<br>**(менаџерски нивоа – директор, претседатели на стручни активи, одделенски / класни раководители**<br>Со училиштето раководи и менаџира Директорот на училиштето Живко Стојковски.<br>**Директорот на училиштето изготвува развоен план за училиштето. Исто така Директорот заедно со стручните соработници и наставниците, изработуваат Годишна програма за работа на училиштето.**<br>Во согласност со законските прописи и статутот на Училиштето, раководната функција во Училиштето, ја извршува **директорот.** Директорот има јасна визија за развојот на училиштето со која се запознаени сите вклучени чинители во животот на Училиштето. Директорот како раководен орган, го води Училиштето во насока на трансформација и воведување иновации, а сето тоа со цел да се подобри квалитетот на наставата и целокупното раководење на Училиштето. Директорот е целосно насочен кон квалитетна организација и реализација на сите подрачја од воспитно-образовната работа на Училиштето. Тој континуирано и целосно ја следи, контролира и унапредува организацијата и реализација на воспитно-образовна работа и друга стручно -педагошка работа. Особено е посветен на создавање на сите неопходни услови за квалитетно работење на Училиштето. Директорот, објективно ги оценува, квалитетите на вработените и нивниот придонес во тимска работа, преку редовно следење на работата, посета на часови, извештаи, |

| | | |
|---|---|---|
| | | анализи, анкети и др.<br>Директорот воспоставува партнерства со непосредната локална средина, деловна средина и граѓанските организации. Училиштето превзема активности за унапредување на мултикултурализам, меѓуетничка интеграција и толеранција со потпишан меморандум за соработка со партнер училиштето ООУ „ Фаик Коница “ с.Слупчане,Куманово од друг наставен јазик.<br><br>Во раководењето со училиштето учествуваат и наставниците преку активностите на стручните активи . Тие се :<br>1.Стручен актив на одделенска настава<br>2.Стручен актив на природно - математичка група предмети<br>3.Стручен актив на општествено - јазична група предмети<br>Претседател на Стручниот Актив на одделенските наставници е Габриела Пешевска.<br>Претседател на Активот на Природно математичката група предмети Виолета Мартиновиќ – предметен наставник по географија.<br>Претседател на Активот на Општествено јазичната група предмети е Марина Дапчевска -предметен наставник по македонски јазик. |
| | Управување и раководење со ресурсите | Училиштето ги утврдува потребите за наставни средства и помагала, вклучувајќи книги, материјали за работа, аудиовизуелна и ИКТ опрема и истите ги набавува согласно своите можности и приоритети. Но и понатаму недостасува голем дел од асистивна технологија наменета за работа со ученици со ПОП и дел од наставни нагледни средства и помагала согласно нормативите по сите наставни предмети, ИКТ опрема. Училиштето планира и навреме обезбедува потрошен материјал, но не во потребната количина за реализација на наставните и воннаставните активности согласно планот на училиштето, па затоа наставниците со свои средства обезбедуваат материјали за работа.<br>Во функција во училиштето еден кабинет по информатика и новоадаптираниот кабинет по природни науки како и училишна библиотека.<br>Училишната библиотека располага со повеќе од осум книги по ученик, вклучувајќи ги и лектирните изданија, пропорционално застапени според наставната програма. Библиотечната евиденција се води во |

| | | |
|---|---|---|
| | | согласност со законот за библиотеките. Во библиотеката се води хартиена библиотечна евиденција.. Библиотеката е отворена за користење од учениците и наставниците во текот на училишниот ден. Учениците можат да земат книга/лектира од училишната библиотека во секое време во текот на училишниот ден.Но во неа нема можност учениците да седат слободно и да читаат затоа што поради недостиг на училници таа често е зафатена од страна на наставници по јазици кои некогаш во неа одржуваат часови.<br>Во склоп на училиштето имаме и спортска сала која има недостатоци односно нема приклучено греење бидејќи не е во склоп на училишниот објект. |
| | Раководење со кадарот | Училиштето има обезбедено соодветен наставен кадар за реализирање на воспитно – образовниот процес. Наставниот кадар е во согласност со нормативите за реализирање на наставни планови и програми. Наставниот кадар е квалитетен, компетентен и оспособен да ги преземе одговорностите во наставата и вонаставните активности согласно потребите на учениците и училиштето во целина. Со наставниот кадар раководи директорот и стручните соработници. |
| | Следење и унапредување на наставниот процес | Основен акцент за следењето и унапредувањето на наставниот процес се става на наставниците. Тие преку формативно и сумативно оценување го следат развојниот пат на секој ученик посебно Стручните соработници во училиштето им помагаат на наставниците во организацијата и реализацијата на наставата, следењето на напредокот на учениците, справувањето со проблемите на индивидуално и групно ниво и давање советодавна помош на учениците. Стручните соработници во својата програма за работа планираат и спроведуваат разновидни активности за работа со учениците и наставниците и се секогаш отворени за соработка.<br>Во училиштето се ангажирани и образовни асистенти кои работат со категоризирани ученици обезбедени од МОН<br>Директорот и стручните соработници со одобрение од директорот по<br>претходно изготвен распоред за следење на работата на наставниците, континуирано ја следат работата на наставниците и квалитетот на реализација на наставата. |

| | | |
|---|---|---|
| | | За следење на наставниот час директорот или стручните соработници даваат повратна информација индивидуално на секој наставник и укажуваат на можности за идно подобрување.<br>Училиштето нема воспоставени механизми за пофалување/наградување на наставниците кои дополнително се ангажираат преку професионален развој, внесување иновации во работата, постигнување резултати со учениците. |
| **Индикатор 4.2 Цели и креирање на училишната политика** | | |
| **Извори на податоци** | **Теми по индикатори** | **Информации кои се собрани** |
| Годишна програма за работа на училиштето<br><br>Извештај од самоевалуација<br><br>План за развој на училиштето<br><br>Акциони планови | Процедури за креирање на училишната политика | Во постапките за креирање на училишната политика вклучени се: наставниот кадар, родителите, учениците, основачот Општина Куманово – секторот за образование, при што се почитуваат насоките дадени од МОН и БРО. Информирањето на заинтересираните субјекти (наставници, ученици и родители) се врши преку писмени документи доставени до субјектите, огласната табла, но и усно преку индивидуални игрупни средби. Во креирањето на политиката на училиштето е вклучена и грижата за здравјето на учениците преку разновидни активности зацртани во наведените документи.<br>Учениците преку ученичкиот парламент активно се вклучени во креирање и остварување на интересите на училиштето .На учениците им се овозможува да учествуваат на манифестации по повод одбележување на: културно уметнички, историски,еколошки, спортски активности и сл<br>Нашето училиште има изработено четиригодишен Развоен план во кој јасно се дефинирани приоритетите на работењето и според кој успешно се реализираат целите според предвидената динамика која и претходи на оваа самоевалуација. Со дефинираните развојни цели кои произлегуваат од мисијата и визијата на училиштето се постигаат повисоки знаења и вештини и се индикатори за успешноста на работењето на училиштето. Со планот за евалуација, се планираат начините на следење и вреднување на оставрувањето на развојните цели, притоа за постигнатата релизација училиштето ги информира |

| | | |
|---|---|---|
| | | настанвиците, учениците, родителите и локалната заедница и, сите заеднички настојуваат да се идентификуваат потребите од следните развојни цели.Вработените се вклучени во процесот на креирање на развојниот план на училиштето, а прикреирањето се консултирани учениците и родителите.<br>Одговорен за креирање на училишната политика е директорот, Училишниот одбор и стручната служба. За креирање на училишната политика се информираат сите заинтересирани субјекти. Наставниците се информираат и земаат учество во крирањето на училишната политика преку Наставнички совет, родителите преку Советот на родители, а учениците преку класниот раководител.<br><br>Родителите во паралелките се информираниод страна на претставникот во Совет на родители за активностите што се превземаат и за резултатите кои се постигнати на ниво на училиште. |
| 12 | 134 | 70.90% | 47 | 24.87% | 6 | 3.17% | 1 | 0.53% | 1 | 0.53% | 189 | 1.12 | Наставниците користат различни начини за проверка на моите знаења (усна проверка, тестови, наставни листови и сл.). |
| 13 | 89 | 47.09% | 79 | 41.80% | 20 | 10.58% | 1 | 0.53% | 0 | 0.00% | 189 | 1.13 | Наставниците ме пофалуваат за мојот труд |
| 14 | 85 | 44.97% | 86 | 45.50% | 18 | 9.52% | 0 | 0.00% | 0 | 0.00% | 189 | 1.14 | Наставниците ме пофалуваат за моите резултати |
| 15 | 126 | 66.67% | 54 | 28.57% | 7 | 3.70% | 2 | 1.06% | 0 | 0.00% | 189 | 1.15 | Ако не знам нешто на часовите, можам слободно да ги прашам наставниците |

| | | | | | | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 16 | 86 | 45.50% | 68 | 35.98% | 30 | 15.87% | 4 | 2.12% | 1 | 0.53% | 189 | 1.16 | На часовите можам слободно да кажам што мислам |
| 17 | 56 | 29.63% | 64 | 33.86% | 47 | 24.87% | 10 | 5.29% | 12 | 6.35% | 189 | 1.17 | Во училиштето имам избор на различни воннаставни активности (на пр. клубови, проекти, акции) |
| 18 | 57 | 30.16% | 88 | 46.56% | 27 | 14.29% | 7 | 3.70% | 10 | 5.29% | 189 | 1.18 | Се вклучувам во воннаставните активности по мој избор. |
| 19 | 53 | 28.04% | 84 | 44.44% | 32 | 16.93% | 9 | 4.76% | 11 | 5.82% | 189 | 1.19 | Наставниците ме вклучуваат во подготвувањето и планирањето на воннаставните активности. |
| 20 | 73 | 38.62% | 54 | 28.57% | 33 | 17.46% | 12 | 6.35% | 17 | 8.99% | 189 | 1.20 | Сум бил/а вклучен/а во активности заедно со ученици од други култури (од моето или од друго училиште) |
| II 1 | 113 | 59.79% | 57 | 30.16% | 14 | 7.41% | 5 | 2.65% | 0 | 0.00% | 189 | 2.1 | Моите родители/старатели се постојано известувани за мојот напредок на училиште. |
| 2 | 101 | 53.44% | 71 | 37.57% | 14 | 7.41% | 3 | 1.59% | 0 | 0.00% | 189 | 2.2 | Наставниците постојано ме поттикнуваат на подобрување на мојот успех. |
| 3 | 61 | 32.28% | 74 | 39.15% | 27 | 14.29% | 17 | 8.99% | 10 | 5.29% | 189 | 2.3 | Доколку не можам да го совладам материјалот, на мое барање, наставниците ми организираат дополнителна настава |
| 4 | 87 | 46.03% | 73 | 38.62% | 21 | 11.11% | 7 | 3.70% | 1 | 0.53% | 189 | 2.4 | Доколку не можам да го совладам материјалот, наставниците се обидуваат да ми го разјаснат на различни начини |
| 5 | 45 | 23.81% | 76 | 40.21% | 35 | 18.52% | 20 | 10.58 % | 13 | 6.88% | 189 | 2.5 | Доколку по некој предмет сакам да научам повеќе од предвиденото на часовите, наставниците ми нудат додатни часови. |
| III 1 | 85 | 44.97% | 76 | 40.21% | 19 | 10.05% | 8 | 4.23% | 1 | 0.53% | 189 | 3.1 | Во училиштето се чувствувам сигурно и безбедно. |
| 2 | 97 | 51.32% | 70 | 37.04% | 16 | 8.47% | 5 | 2.65% | 1 | 0.53% | 189 | 3.2 | Во училиштето се чувствувам прифатено од другите ученици. |

| | | | | | | | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 3 | 93 | 49.21% | 79 | 41.80% | 11 | 5.82% | 5 | 2.65% | 1 | 0.53% | 189 | | 3.3 | Во училиштето се чувствувам прифатено од наставниците |
| 4 | 72 | 38.10% | 70 | 37.04% | 23 | 12.17% | 19 | 10.05 % | 5 | 2.65% | 189 | | 3.4 | Сакам да одам на училиште |
| 5 | 72 | 38.10% | 76 | 40.21% | 27 | 14.29% | 7 | 3.70% | 7 | 3.70% | 189 | | 3.5 | Наставниците ги разбираат моите потреби и проблеми |
| 6 | 72 | 38.10% | 92 | 48.68% | 14 | 7.41% | 7 | 3.70% | 4 | 2.12% | 189 | | 3.6 | Во одделението/училиштето имаме донесено заеднички правила на однесување, кои ги почитувме |
| 7 | 102 | 53.97% | 69 | 36.51% | 8 | 4.23% | 3 | 1.59% | 7 | 3.70% | 189 | | 3.7 | Запознаен/а сум со последиците доколку не ги почитувам правилата во училиштето. |
| 8 | 94 | 49.74% | 71 | 37.57% | 17 | 8.99% | 5 | 2.65% | 2 | 1.06% | 189 | | 3.8 | Училишните правила се применуваат подеднакво за сите ученици |
| 9 | 98 | 51.85% | 69 | 36.51% | 14 | 7.41% | 4 | 2.12% | 4 | 2.12% | 189 | | 3.9 | Имам еднакви можности за учество во активностите во училиштето, како и другите ученици |
| 10 | 119 | 62.96% | 64 | 33.86% | 3 | 1.59% | 2 | 1.06% | 1 | 0.53% | 189 | | 3.10 | Имам еднакви можности за учество во различните активности на часовите (на пр. поставување прашања, презентирање, одговарање), како и другите ученици |
| 11 | 79 | 41.80% | 81 | 42.86% | 18 | 9.52% | 3 | 1.59% | 8 | 4.23% | 189 | | 3.11 | Ученичката заедница од моето одделение учествува во активности за подобрување на работата на училиштето. |
| 12 | 102 | 53.97% | 72 | 38.10% | 9 | 4.76% | 1 | 0.53% | 5 | 2.65% | 189 | | 3.12 | Знам како да постапам и каде да се обратам ако забележам прекршување на моите права |
| 13 | 120 | 63.49% | 63 | 33.33% | 4 | 2.12% | 0 | 0.00% | 2 | 1.06% | 189 | | 3.13 | Кога имам потреба од помош, можам да се обратам на раководителот на паралелката или на друг наставник |
| 14 | 109 | 57.67% | 67 | 35.45% | 9 | 4.76% | 1 | 0.53% | 3 | 1.59% | 189 | | 3.14 | Можам слободно да барам совет и поддршка од педагогот или психологот во училиштето |

| | | | | | | | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 15 | 77 | 40.74% | 86 | 45.50% | 21 | 11.11% | 1 | 0.53% | 4 | 2.12% | 189 | | 3.15 | Во училиштето добивам поддршка и помош при решавање на некој проблем |
| 16 | 111 | 58.73% | 68 | 35.98% | 5 | 2.65% | 2 | 1.06% | 3 | 1.59% | 189 | | 3.16 | Знам како треба да постапам ако забележам или ми се случи врсничко насилство во училиштето |
| 17 | 90 | 47.62% | 80 | 42.33% | 10 | 5.29% | 5 | 2.65% | 4 | 2.12% | 189 | | 3.17 | Во училиштето работиме на решавање конфликти и спречување насилство |
| 18 | 54 | 28.57% | 59 | 31.22% | 37 | 19.58% | 16 | 8.47% | 23 | 12.17 % | 189 | | 3.18 | Учествувам во работилници за заштита од штетните влијанија на пушењето, алкохолот и наркотичните средства. |
| 19 | 30 | 15.87% | 52 | 27.51% | 48 | 25.40% | 55 | 29.10 % | 4 | 2.12% | 189 | | 3.19 | Училиштето е чисто и уредно |
| IV 1 | 45 | 23.81% | 67 | 35.45% | 39 | 20.63% | 19 | 10.05 % | 19 | 10.05 % | 189 | | 4.1 | Информиран/а сум кои активности ги планира училиштето за следниот период. |
| 2 | 71 | 37.57% | 69 | 36.51% | 30 | 15.87% | 11 | 5.82% | 8 | 4.23% | 189 | | 4.2 | Можам да земам книга/лектира од училишната библиотека/медијатека во секое време. |
| 3 | 45 | 23.81% | 54 | 28.57% | 52 | 27.51% | 21 | 11.11 % | 17 | 8.99% | 189 | | 4.3 | Библиотеката/медијатеката е место каде можам да читам и учам во пријатна атмосфера. |

Резиме (главни наоди) од интервјуа со директор/стручна служба

Процесот на професионален развој на наставниците за примена на современи методи и техники на планирање на наставата се одвива континуирано а наставниците редовно се запознаваат со измените и дополнувањата на наставниот план доколку ги има пред почетокот на неговата примена.

Училиштето обезбедува обука на наставниците и стручните соработници за примена на современи методи и техники на планирање на наставата за кои подоцна се врши дисеминација на основните обуки на останатите наставници.

Процесот на изработка на планирањата на наставниците се одвива пред почетокот на учебната година индивидуално и во стручни активи,и се  доставуваат во електронска форма кај педагогот на училиштето до 10 септември.

Во училиштето има пропишано приоди и процедури за поддршка и следење на планирањата на наставата од страна на директорот и стручната служба.

Во случај  на отсуство на наставник ако е подолго време отсутен се бара замена,ако не наставата ја држат наставниците кои имаат слободен час или некој од стручната служба.

Изборот на изборните предмети се врши преку анкетирање, при што во анкетниот лист се нудат наставните предмети од листата на изборни предмети предложени од БРО. За секоја учебна година ученикот избира по еден изборен предмет од листата на понудените предмети. Учениците од четврто до шесто одделение,по новата концепција, имаат можност да изучуваат два изборни предмета ,по еден во секое полугодие.

Многу често се користат современи приоди во наставата како учење преку проекти, преку решавање проблеми,игра, преку истражување, примена на дигитални алатки и др.

Наставниците применуваат методи и техники кои овозможуваат интеракција помеѓу учениците и обезбедуваат еднакви можности за вклучување на сите ученици за време на наставните часови.Исто така се користат различни методи и техники во работата со учениците со ПОП.

Сите наставници планираат и реализираат дополнителна и додатна настава во училиштето, за која е изработен и истакнат распоред, а истиот се доставува до Државен просветен инспекторат до 20 септември за тековна учебна година.

Образовната инклузија во училиштето е на високо ниво. Во училиштето постои училишен инклузивен тим. Нашето училиште има добра соработката со надлежниот ресурсен центар како и со образовните асистенти.

Во однос на меѓуетничката интеграција имаме формиран тим за училишна интеграција кој одлично функционира и има добра соработка со партнер училиштето. Оваа учебна година 2023-2024 година тимот на мултиетничка интеграција како резултат на успешна соработка на ,ООУ „Магдалена Антова“ Куманово и ООУ „Фаик Коница “ С.Слупчане го добија проектот„ Градиме мостови“.

Наставниците користат различни инструменти и методи за оценување при што континуирано го следат и оценуваат напредокот на учениците (формативно и сумативно) и ги информираат родителите на поединечни,индивидуални средби, групни средби,советување со психолог, како и на редовните родителски состаноци.Секој родител е навремено известен за постигањата и успехот на учениците.

Училиштето планира и реализира разновидни воннаставни активности што ги одразуваат потребите и интересите на учениците и служат за подршка на нивниот личен, кариерен (професионален), социјален и друг развој. Учениците се вклучени во воонаставните активности според сопствен избор.Групите се хетерогени и обезбедуваат градење соживот помеѓу учениците.

Секоја година се организираат училишни натпревари. Најдобрите ученици учествуваат на: училишни,општински,регионални,државни и меѓународни натпревари

Постигањата на училиштето се промовираат на веб страната на училиштето, профилна страна на друштвена мрежа и локална телевизија. Се афирмираме со спортско-рекреативни настани организирани од страна на Општина Куманово и организација „Училишен спорт“, Куманово, општински, регионални и државни натпревари, учество во работилници организирани во и вон училиште, Е-твининг проект, планинарски тури во склоп на слободни ученички активности во соработка со ЗПЗП „Козјак“, Куманово.

Во составување на Кодексот на однесување учествуваа директор, стручна служба, Совет на наставници, Совет на родители. Последици од непридржување на Кодексот се изрекување педагошки мерки, усна и писмена опомена, советување на ученик и родител, разговор со одделенски раководител и стручна служба.

Соработката помеѓу кадарот е на високо ниво. Тоа се гледа во успешната соработка помеѓу стручните активи, соработка во тимови кои работат на проекти, соработка во организација на важни настани како Патрон празник на училиштето, базари. Работната дисциплина за време на часовите и надвор е на високо ниво, атмосферата е работна и се карактеризира со интерактивни часови, современи методи и техники на работа, еднаков третман кон сите ученици и почитување на наставникот.

Учениците чувствуваат слобода да се обратат на одделенски раководител или на психологот кога се соочуваат со проблем. Се реализираат работилници според Програма за емоционална поддршка (пример е работилница „Развивање на пријателството“), како и индивидуални советодавни разговори. Во учебната 2023/2024 година е усвоена Политика за заштита на децата како интерен акт во училиштето. Во склоп на проектот „Промоција на безбедна училишна средина“ дел од вработени од училиштето зедоа учество во работилница за Политика за заштита на децата. Проектот е поддржан од Детската фондација Песталоци, а нашето училиште е едно од десетте училишта во Република Северна Македонија кое го усвои како интерен акт на Училиштето. Во училиштето активно работи Ученичкиот парламент и Ученичкиот Правобранител според планираните активности во Годишна програма. Парламентот ги застапува и промовира правата и интересите на учениците и го промовира ученичкиот активизам.

Постои соработка меѓу раководниот тим односно помеѓу Директорот и Училишниот одбор која се реализира преку редовни состаноци на кои се работи со потребен кворум и се донесуваат одлуки, решенија и акти во согласност со законските прописи и статутот на училиштето. Работата е транспарентна, информациите од состаноците се објавуваат на огласна табла во училиштето, а донесените одлуки секогаш доследно се спроведуваат. За редовноста и присуството на состаноците се грижи претседателот на Училишниот Одбор и директорот на училиштето.

Училишната политика се креира преку активно учество на сите субјекти при изработката на планови и програми за сите наставни и воннаставни активности кои се дел од годишната програма на училиштето. Родителите и учениците за овие активности се известуваат преку состаноците на Советот на родители и Ученичката заедница на училиштето и Училишниот парламент.

Резиме (главни наоди) од фокус групи

**Резиме-фокус група 10 ученици**

Најголем дел од часовите се интересни, имаат можност да прашуваат, дискутираат и да го кажат своето мислење. Оценувањето е праведно, секогаш добиваат појаснување од наставникот зошто ја добиле таа оценка и добиваат насоки како да ги подобрат своите постигања. Наставниците користат најразлични начини за оценување, преку усни и писмени одговори, вежби, изработки, домашни задачи , проекти и слично.

Слободните изборни предмети ги избираат по слободен избор, со пополнување на изјава со три понудени предмети.

Учениците се делумно задоволни од реализација на воннаставните активности, но има простор за подобрување и воведување на нови содржини кои би биле од нивен интерес. Заедно заклучија дека за успешна реализација на воннаставните активности училиштето би требало да биде подобро опремено со информатичка технологија (смарт табли, компјутери, проектори и слично).

Секоја паралелка има претставник во Ученичкиот парламент (претседател на паралелка) од каде што ги добиваат сите информации. Од повеќето активности ја издвоија идејата за поставување на кутии со пофалби и поплаки на неколку места низ училиште.

Учениците се чувствуваат безбедно во училиште, во најголем дел се почитува кодексот на однесување. Се чувствуваат слободно да пријават секаков вид на насилство.

Незадоволството од хигиената и уредноста на училиштето, изразена во анкетните прашалници, го потврдија и присутните ученици, при што заедно со директор беше направен увид. Заклучокот беше дека хигиената треба да се подобри ,но беше посочено и учениците повеќе да внимаваат и да го почитуваат редот во училница и училишен двор.

Друга тема на која се разговараше е малиот простор во училишната библиотека, учениците би сакале да можат да ја користат за читање и учење.

**Резиме- фокус група 10 родители**

Родителите се задоволни од реализација на воспитно-образовната програма, односот на наставниците и сметаат дека училиштето е пријатна и мотивирачка атмосфера за нивните деца. Редовно се информирани за критериумите за оценување, редовноста и постигањата на учениците. На родителските средби за секој класификационен период, во форма на евидентни листови, постигањата на учениците и редовноста ги добиваат и во печатена форма. На советувањата за родители добиваат корисни совети за подобрување на успехот и редовноста.
Информациите ги добиваат преку разговор со наставници , официјална веб-страна на училиште и електронски дневник.
Се изјаснија дека, училиштето овозможува реализација на дополнителна и додатна настава доколку е потребно и редовно се информирани за тековниот распоред. Ги користат термините за соработка со наставници и добиваат добри совети како да му помогнат на своето дете во учење. За одделни предмети, особено за математика и јазици им е потребна дополнителна помош по завршување на настава, но секако на часовите нивните деца се чувствуваат слободно да прашаат за дообјаснување и за дополнителен час.
По слободен избор одлучуваат кои изборни предмети ќе ги изучува нивното дете преку пополнување на изјава со три понудени предмети, при што направениот избор се почитува.
Во воннаставните активности, нивните деца учествуваат по сопствен интерес, но не се целосно задоволни од областите опфатени со воннаставните активности, треба да се воведат поразлични области кои се во интерес на учениците. Тоа ќе придонесе за здружување на учениците и тимска работа.
Повторно беше истакнат проблемот со недостиг на учебници, па така што учениците запишуваат на часови и потоа учат од тетратка. По одделни предмети истражуваат на интернет, гледаат видеа и изработуваат домашни задачи.Училиштето ги вклучува родителите во приредбите за патронен празник, Велигденски и Новогодишен базар, сметаат дека ваквите активности допринесуваат за дружење и зближување меѓу учениците. Училиштето успешно се справува со непочитување на кодексот за однесување, нивните деца се чувствуваат безбедно и сигурно. Во секој момент може да пријават било какво насилство на наставници, одделенски раководител или стручна служба.
Сите информации, за тековните активности и извештаи од класификациони периоди ги добиваат од претставникот во Совет на родители од секоја паралелка, како и од претставникот од Советот во Училишниот одбор.
Сите информации се навремени и транспарентни.
Темата на која дополнителна разговаравме е за хигиената во училиште, не се задоволни и сметаат дека треба да се подобри. Направивме и увид заедно со директорот, заклучивме дека хигиената мора да се подобри, но им беше посочено и да разговараат и со своите деца да бидат повнимателни и да го почитуваат редот особено на голем одмор.

**Резиме-фокус група од 10 наставници**
Во изминатите две години, наставниците имаат можност да учествуваат на повеќе обуки.
На дел од обуките присуствуваа сите наставници, а на некои претставници од стручна служба, директор или помошник директор. По секое завршување на обуките, учесниците спроведуваат дисеминација каде што ги споделуваат искуствата и сознанијата со другите колеги.

Тематските планирања за наставни содржини се планираат и изработуваат индивидуално, додека останатите активности се планираат на ниво на стручни активи на почеток на учебната година.
За изработка на ИОП се консултира дефектолог на училиште како и училишниот инклузивен тим. Најчестите предизвици се немање на наставни средства, помагала како и слободна просторија за работа со ученици со попреченост.
Понудените изборни предмети се од различни области се со цел задоволување на интересите на учениците. Учениците по слободен избор одлучуваат и пополнуваат изјава кој изборен предмет сакаат да го изучуваат и изборот се почитува.
Наставниците согласно наставните средства и помагала со кои располага училиштето се трудат часовите да бидат интересни и акцентот да биде на учениците. Наставникот прашува, мотивира и помага, а учениците активно учествуваат и даваат мислења и заклучоци. Со учениците со различни образовни потреби се работи со диференциран пристап, а со учениците со попреченост се работи според ИОП и модифицирана програма. Соработката со образовните асистенти е на високо ниво.
За оценување на учениците се користат најразлични методи: усни одговори, писмени проверки (контролни задали, наставни листови, тематски тестови, писмени работи), домашни задачи, истражувања, изработки, проекти и др.
Во текот на целата година учениците се оценуваат формативно и на крај на секој класификационен период се дава сумативна оценка.
Секој наставник, нуди воннаставни активности согласно својот предмет и интерес на учениците. Учениците учествуваат во најразлични воннаставни активности и натпревари согласно нивните таленти и интереси.
Но, за успешно реализирање на воннаставните активности училиштето се соочува со предизвици поради недостиг на современа опрема (смарт табли, компјутери, интернет и останата информатичка технологија)
Учениците со потешкотии во учење и со попреченост се идентификуваат при упис во прво одделение, наставата се изведува со диференциран пристап и според ИОП.
Надарени ученици се идентификуваат преку опсервација на наставникот на часот и лична евиденција на секој наставник одделно. За овие ученици кои посебно се истакнуваат , преку додатна настава се подготвуваат за учество на натпревари на општинско, регионално и на државно ниво од разни области.
Во училиштето се работи тимски, постои добра комуникација и соработка помеѓу вработените. Доколку се случат било какви провокации се решаваат со разговор и совети од страна на директорот за успешно надминување на недоразбирањата и подобрување на односите.
Континуирано низ сите одделенија, на сите одделенски часови се работи конвенција за права на детето при обележување Недела на децата.
Училиштето има усвоено Политика за заштита на детето. Училиштето е дел од проектот “Промоција на безбедна училишна средина” поддржана од детска фондација “Песталоци” и се реализираат многубројни активности.
Потрошниот материјал го обезбедуваат наставниците во најголем дел, многу мал дел е обезбеден од училиштето поради немање на доволни финансиски средства за унапредување на наставата. Родителите се вклучени само во одделенска настава, во предметна настава не се обврзуваат да учествуваат во набавка на потрошен материјал.
Директорот заедно со стручна служба го следи квалитетот на наставата. Следењето се врши преку посета на часови и следење на планирања на наставниците (најмалку два пати годишно), за да потоа се даваат препораки и совети на наставниците за подобрување и унапредување на наставата.
Процедурите за кариерно напредување се применуваат фер и правично, наставниците кои дополнително се ангажираат имаат предност.

| |
|---|
| Наоди од набљудување часови<br>Со следење на час беа опфатени над 15 наставници кои се приправници и наставници кои се со скратено работно време или со дополнување од други училишта.<br>За време на самиот час беа пополнети листи изготвени од страна на стручната служба со прашања во врска со самиот час.<br>Потоа наставниците беа советувани и им беа укажани насоки кои би им помогнале во натамошната нивна работа. Како да применуваат одредени форми и техники за работа се со цел подобар натамошен развој на нивната работа. |
| Наоди од други видови набљудувања<br>Во последните години се забележува растечки тренд на зголемување признанијата на наставници и ученици надвор од општината и границите што го прави имиџот на училиштето прпознатливо меѓу училиштата. Со поголема финасиска подршка и континуирано подобрување на условите за работа училиштето може да заземе високо место на листата на успешна работна организација. |

Врз основа на член 129, став 1,2,3,4,5,6 и член 130, став 1,2,3,4 од Законот за Основно образование ( Службен весник бр.161/2019) Училиштето изготви Самоевалуација за работа на ООУ„ Магдалена Антова„ Куманово на крајот од учебната 2023/2024 година.

Комисија за спроведување на СЕУ:

- Сивлана Стојковска, психолог
- Оливера Јовановски, наставник
- Маријана Димитриевска, наставник
- Наташа Бојчевска, наставник
- Виолета Мартиновиќ, наставник
- Снежа Петковска, родител

Куманово
Мај – Јуни 2024

Директор
Живко Стојковски